СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 декември 1993 година

Скопје, декември 1993 година

**71 (СЕДУМДЕСЕТ И ПРВА) СЕДНИСА, II ПРОДОЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 22.III.1993 ГОД.**

ОД Т.7 ДО Т.10

1.АНДОВ СТОЈАН 1

2.АЛИУ ЕШТРЕФ 26

3. АБДИ ФАИК 50

4. АРСОВСКИ БРАНКО 53

5. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ 93, 112, 115

6. АНЧЕВ ЕФТИМ 122, 124, 132

7. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР 36

8. ГОШЕВ ПЕТАР104, 107, 109, 110, 115

9. ЃОРГИЕВ ПЕТАР 70, 72

10. ИВАНОВСКИ СИМЕОН 3

11. ИВАНОВ ИВАН 9, 11, 67, 75, 100

12. КРСТЕВСКИ НИКОЛА 85

13. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ 28

14. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР 88, 135

15. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН 18, 95, 118, 119

16 .МИЛЕККОВСКИ МАРИН 102, 114, 137

17. НАУМОВСКИ СИМЕОН 30, 34

18. ПЕТРОВ ТОДОР 19, 62, 82, 84, 99, 128, 131

19. ПАУНОВ ТОДОСИЕ 38, 41

20. ПОПОВСКИ НИКОЛА 42, 197, 113

21. ПРЕВАЛА ШАБАН 116

22. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ 25, 26, 56

23. СТОЈКОВ СТОИЛЕ 28, 86, 91

24. САБРИУ ИЛИЈАЗ 58, 72, 89, 92

25. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 35,

26. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ 2

27. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 127

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

I/1.- ПЈ/ЉР

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 декември 19 93 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала I, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Мирко Анастаеовски, Гулистана Марковска, Панче Насев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **<u>точката 7</u>** - <u>Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците.</u>

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени , односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 6.

ЗПК поднесе амандмани на член 6 и член 8.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

I/2.-

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дини Хајредини, министер за финансии на РМ.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата го прифаќа поднесениот амандман,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од ЗПК со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

И овој амандман го предлага Владата од иста содржина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од ЗПК:

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

И со овој амандман Владата се согласува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

46 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (14)

Дали некој се воздржува од гласаше? (5)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на законот за банките и штедилниците.

Минуваме на **<u>точката 8</u>** - <u>Предлог на закон за исплата на платите и пензиите во РМ.</u>

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно подлеени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

За збор се јави г-дин Ивановски

**ИВАНОВСКИ СИМЕОН:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство. Ја се - извинувам што доцна се јавив, очекував претседателот н а Комисијата за стопанство да се јави, бидејќи на Комисијата расправа доста по овој Закон и имавме одредени ставови и во името на Комисијата да ги изнесе и јас по што не се јави тој, земав за право како член на Комисијата да изнесам некои ставови на комисијата и мои лични видувања на овој Закон. Имено, донесување на закон со кој се врши контрола на платите е непопуларна мерка, општо позната. Исто ако што е нпопуларно да се донесуваат закони со кои се регулираат цените. Тоа во ист контекст може да се земе. Доколку сметаш дека добро ќе ја излегулриаш мерката

за едни, таа е крајно непопуларна за некои други или спротивно од таа работа, тој е и овој и другите закони кои сме ги донесувале по основ на регулација или на некој начин нормирање на платите да остане правичен, затоа што секогаш се зема некој период за кој најверојатно за некој субјект ќе одговара , за другите не,тоа е нужно ако некој се прави. Но, веднаш прва неправда, поготово, е неправичен и спрема дисциплинирани субјекти спрема организации кои водејќи сметка за начинот на работа во организацијата , така да кажам домаќински водење на работите, сме воделе рачун платите да не бидат поголеми од она што треба да биде. Кога се донесуваат такви закони, практично токму ги погаѓа тие таквите дисциплинирани. Оние кои се недисциплинирани, кои кога нема таков закон, може на штета на имотот на претпријатие да даваат плати поголеми на некои што заслужиле и заработиле, во таква ситуација кога ќе се донесе таков закон, практично, нивниот старт во основа е поповолен од другите кои работеле добро и кои биле дисциплинирани. Практично, за целиот период до каде што ќе важи Законот а овој закон има амбиции, гледам да важи сигурно да важи барем една година ако не повеќе, такви се амбициите, практично за една година ќе видат оние кои биле принципиелни, кои биле добри домаќини да бидат рестриктивно поставени во односно на тој закон, а другите кои биле недисциплинирани, а најчесто се носи Законот за недисциплинирани, практично, ќе бидат во поповолна положба. Но, читајќи ги комплет пакетот на мерки, она што беше кажано и јас се сложувам дека веројатно е нужен овој Закон во контекст на сите тие мерки и веројатно ќе треба да се донесе. Прашање е дали во одредени членови или одредени одредници може евентуално да се интервенира, да би се, ова што го кажав досега на некој начин и евентуални

исправило. Или пак ако не сега во понатамошниот период да се прати овој Закон и остварувањата по овој закон и Владата навреме да интервенира, бидејќи очигледно е јас ќе кажам после по кои членови, очигледно има такви членови, каде што навистина голем дел од организациите ќе се најдат во исклучително тешка положба, да интервенираат навреме да не дојде ситуација исто како овој закон со минатиот пакет на мерки на минатата Влада. Бидејќи, јас тогаш кажав и сега ќе повторам платите мора да бидат едни од осломците на стабилизационата програма, односно рестрективноста на платите би требало да биде една од мерките и помош за спроведување на една од стабилизациона програма. Но, не може да биде исклучива мерка. Сигурно дека сега пакетот тоа не го предлага, но ќе видиме како ќе се остваруваат другите предложени мерки. И минатата програма беше исто таква, предвидуваше повеќе мерки, но после извесни два-три месеца практично дојдовме во ситуација што само се оствaруваше мерката по основ на рестрикција на платите. сите други мерки скоро беа пробиени. И нормално дека тој ен можеше да издржи а после се фрли вина на нас со оние на кои укажувавме дека не може само таа мерка да ја води стабилизационата програма и мора и таа како себе да се сруши, па после бевме окривени дека таа е единствена мерка односно единствен момент кој ја сруши Стабилизационата програмен Не беше тоа точно, тоа е само изговор што другите предвидени мерки не функционира. Јас за тоа апелирам до Владата. Доколку тврдо стои, а очигледно дека после многу разговори по комисиите стои со овој Закон, и укажува дека е договорено со меѓународниот фонд дека треба да се влезе во пакетот на мерки, да се следи состојбата со платите по овој закон и да се реагира навреме, да не се чека да ја дочекаме ситуацијата со минатиот закон, бидејќи ако не се остваруваат другите мерки и другите осломци во Програмата, не може Програмата да ја прати само ниските плати. Тоа не

е возможно, бидејќи практично може до одреден агрнаица да се стега каишот и во тоа практично, да не речам една меланхолија се добива, така што никој не е лично заинтересиран и не може тогаш да се бара, затоа што стабилизационата програма значи и рестрикција во потрошувачката, но бара нови напори за ново производство, стварање на нови вредности. доколку одиме крајно рестриктивно, а овој Закон е доста рестриктивен, тогаш ќе дојдеме во онаа другата ситуација. Еве јас во кои членови од прилика сметам дека е Законот доста рестриктивен. Да кажам она 'што мислев иако велам кажувавме на комисии и Владата го брани тоа како пакет и вели дека е тоа невозможна корекција».

Прво во членот 3 каде се регулира оваа материја што се зема како основица мислам дека е земен просек август или септември. За мене е неспорен септември, неспорен е за мене и датумот 10 ноември до кога се извршени исплати за тоа што мора некаде да се пресече. Сигурно, ден или 5 дена порано и попосле некаде мора да биде. Но, спорен е за мене месец август како неповолен месец. Август месец е месец на годишни одмори најчесто и практично зема една оснвоица каде што работниците поголем дел биле на годишен одмор и практично стартуваат со нешто што не е практично платите. И ако годишниот одмор е врзан со плати, но не така како што е, така што еден неповолен месец кој влегол во основа и ќе делува на комплетното понатаму зголемување и ја ремети основицата. Јас мислам дека не ремети ништо во пакетот, во Законот ако се избрише август и остане само септември како основица со истите параметри кои поната практично се предвидени. Сметам дека тоа значително би ја подобрило состојбата, а не смета ниту на Законот, ниту на пакетот.

Втора моја забелешка е на членот 4. Тој вака како што е програмирана инфлацијата тој е добар и за мене е прифатлив. Но, нема коректив доколку има значително поголеми остварувања на инфлатаорните движења, односно на програмирањето. Тогаш нема таков коректив и ќе дојде драстично заостанување на платите во однос на животните трошоци. Драстично, доколку овој коректив, а не е внесен корективот, добро беше да се внесе таков коректив, затоа што ние програмираме инфлација 8, 7,6 до 3, но имаме искуство од минатото дека програмираме 8, а таа може да биде 20 или 30, не сакам да прогнозирам и тогаш овој Закон би бил- практично не применлив. Мислам дека таков коректив или треба да се внесе сега, или треба евентуално понатаму доколку има такво отстапување да се интервенира.

Последна моја забелешка е членот 10, јас сметам дека тој за овој пакет на мерки и за овој Закон е непотребен. Јас повеќе. пати укажував дека е добро тој член воопшто да се избрише и да не постои овдека, затоа што тој нелогичен врз;основа на комплетниот пакет на мерки, каде што предвидува дека оние субјекти кои работат со загуба, ќе прикажат загуба на крајот на оваа година или на шесто месечието од наредната година, практично, покрај рестрикциите кои се воведени претходно по членовите на платите уште 10% додатна рестрикција. Сега јас поаѓам од следната ситуација. Ако некој навистина работи со губиток, тој нормално дека има да има ниски плати. Тоа е сосема логично. И во 90% случаеви односно 95% е така. Можеби некој, кој бил крајно или да кажам не дисциплиниран или довиклив и покрај тоа што работи со загуба дава нешто, скоро невозможно.

Сега, значи стартот е низок, затоа што работат во загуби.

Второ, стартот му е низок затоа што рестриктивно спрема овие членови се формира основицата.

Трето, уште додатно 10% му се става рестрикција. Ја не знам како тие организации што работат со загуба со такви мерки ќе направат напор на некој начин да мрднат од основицата да создаваат нова вредност и да можат д аги надминат загубите. Поготово, што ние имаме загуба во организациите каде што не само од работењето, туку одредени залихи кои не можеле во моментот да ги продадат, а можеби ќе ги продадат за еден месец или два. Или некој аранжман кој бил во пакет досега, сега поради сите овие околности во кои се наоѓаме бил прекинат. Мислам дека тој член е сувишен и по мене најдобро е да се избрише. Тој ќе прави големи збрки во примената на Законот Јас сум во тоа убеден и не знам како Владата гледа на тоа, а со тоа не добива скоро ништо. Практично. Јас сметам дека Владата сака да ги сиципплинира некои до крајно недисциплинираните организации кои можеби кај нив има такво мислење створено, но кои директни некои субјекти па во целина јас сметам дека ниту пакетот добива, ниту Законот, ниту Владата и за мене е подобро тој член да се избрише.

На крајот, ќе има забелешки на член 12, но по она што

Владата го достави сметам дека е прифатено околу исхраната и мислам дека беше логично. Еве тоа се моите искажувања. Комисијата за стопанство од прилика имаше такво мислење, има и свој амандман на она прповото што го кажав и најверојатно во амандманската расправа ќе се јават оние кои беа . Мое е пак инсистирање до Владата доколку сега не се сложи да изврши одредени корекции, тоа да го следи Законот и во одреден момент кога ќе осети потреба да интервенира. Во спротивно, Законот ќе стане неприменлив визави околности тогаш ќе имаме движења како што има и пред тоа.

I/9.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

г-дин Иванов,

**ИВАН ИВВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги и пратеници, уште на почетокот сакам да нагласам во контекст на целокупната законодавна проблематика која што е содржана во пакетот на програмата за економска стабилизација дека таа е за поздравување, со респект и дека сето тоа претставува една голема храброст Владата да излезе со едни вакви доста одговорни чекори во смисла на надминувањето на сегашните состојби. Меѓутоа, сепак, мора да се каже дека одговорноста е и на Собранието да даде едно свое видување на ваквите храбри потези од аспектот на тоа што усвојувањето на ваквите мерки и закони значи веќе и друга тежина, односно преземањето на тежината од страна на Парламентот.

Многу е неблагодарно во услови кога Владата прави едни вакви максимални напори да се прават коментари на таквите програми, или пак да се изнесуваат опортуни мислења. Меѓутоа, за пооделени прашања кои што отстапуваат или за прашања кои што во основа е јасно дека нема да ги дадат саканите цели, лично мислам дека би било погрешно и дека по таквите решенија да поминеме пречутно а да не се и произнесеме што мислиме и што сугерираме врзано со ова. Затоа, лично мислам дека многу дискутабилни се дел од предложените инструменти за реализацијата на зацртаните цели во Програмата за економска стабилизација. Како што реков, ова е за сериозно размислување бидејќи до досегашното искуство на 40-годишнит развој имавме слични такви мерки и програми,кои за жал не ги дадоа секогаш зацртаните или саканите резултати. Ова посебно треба да се нагласи бидејќи при определбата на еден пазарен модел за развој на стопанството за развојот на државата, користењето на административни мерки и нивна

линеарна примена поготово на сите чинители, а заобиколувајќи ги главните жаришта на проблемите верувам дека не се многу благонадежни. Затоа, понуденото решение на законот за платите и пензиите длабоко сум убеден дека како решение не е добро и тој нема да ги постигне саканите цели.

Исто така, сакам да кажам дека дискутабилен е и Уставниот сонов за донесувањето на овој закон. Ако се определивме во македонската држава да доминира пазарното стопанисување, субјектите самостојно да одлучуваат во делот на креирањето на политиката и ако во Уставот вградивме инструменти како по одделни прашања, вклучувајќи го да кажеме и распределбата и наградувањето да треба да го решаваме на еден друг со други инструменти, донесувањето на овој Закон апсолутно е спротивен на Уставот и спротивно на намерите кои што сака Владата да ги постигни.

II/1.- CJ-ВБ

**ИВАН ИВАНОВ:** (продолжение)

Верувам дека целта со овој закон да се запре и контролира потрошувачката во принцип дека тоа е позитивен, меѓутоа со понудените решенија верувам дека ќе се репродуцираат многу тешки проблеми и наскоро Собранието повторно ќе биде претворено во арена каде што ќе биде истуран гневот за сите слабости од работењето на правните субјекти. А, мислам дека донесувањето на овој закон ќе значи и повод на правните субјекти да бараат вина или да ја фрлат вината на Собранието.

Не може да се очекуваат квалитетни промени во порастот на производството, во зголемувањето на извозот и во порастот на вработувањето со замрзнувањето на платите и нивно линеарно решавање. Не е добро да се замрзнуваат платите со закон кај претпријатија со мешовита сопственост односно со капитал делумно приватизиран, а делумно во општествена сопственост. А од друга страна со Законот да се остави слободно, односно со закон да не се регулира и на- чинот на исплатата на платите по приватните претпријатија.

За ова, во воведното излагање на претседателот на Владата беше даден еден коментар што значи определбата на Владата да применувајќи ги овие мерки во претпријатијата каде што има дел од општествен капитал, а за разлика да го остави слободното формирање на платите кај претпријатијата со приватен капитал. Можеби тоа во значаен дел држи место, меѓутоа во услови кога на претпријатијата кои што во својот состав имаат приватен капитал лежи во најголем број товарот на јавната потрошувачка. Ова нешто заслужува едно посебно внимание, додека пак кај другите во најголем дел се носители на сивата економија и богатењето. Со ова не сакам да ги свртам сите претпријатија со приватен капитал дека се носители на вакви појави, меѓутоа во значаен дел досегашната барем пракса во изминатата година дена тоа го потврдува за разлика од тоа претпријатијата кои што стопанисуваат

или работат со општествен капитал се главните носители и го носат главниот товар односно го носеа главниот товар на целокупното финансирање на јавните потреби. Сега со новите измени се прави еден радикален чекор, меѓутоа сепак во најголем дел тие ќе бидат и главните носители или ќе го носат товарот на јавната потрошувачка.

Намерите на Владата да се стимулира процесот на приватизацијата на претпријатијата со општествен или мешовит капитал секако е добра и можеби преку овој закон запоставувајќи ја односно исклучувајќи го регулирањето на платите со закон кај претпријатијата со приватен капитал можеби е добра како намера, меѓутоа мораме да кажеме дека а и во исто време мора да се забележи дека процесот на приватизацијата по донесувањето на овој нов закон на некој начин не создаде еден добар амбиент за убрзувањето на приватизацијата односно донесените решенија, длабоко сум убеден дека во тој дел нема да направат радикални чекори, ние ќе мора наскоро да навратиме на оние решенија кои што се предлагаа во фазата на расправата и донесувањето на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал доколку сакаме овие намери кои што Владата во своите појдовни основи ги наведува да треба да бидат и реализирани.-

Исто така, пак, зачудува и другата страна на решенијата содржани во овој закон, за претпријатијата кои што успешно работат да се предлага линеарно регулираше на платите или поспор пораст на платите за сметка на претпријатијата каде што резултатот не е битен а се плаќа само со елементот дека нивните плати во моментот кога се прави пресекот за примената на Законот, имаат пониски лични доходи, пониски плати од просечните. Кај нив се дава можноста за еден побрз пораст на платите. Само тоа покажува дека колку е овој закон осмислен и дека таквата линеарна примена не е најсреќното  решение бидејќи

законодавецот сам упаѓа во одредени контрадикторни со решенијата кои што ги. нуди.

Далеку сум убеден дека поставените цели со овој закон да се постигне намалување на јавната потрошувачка со решенијата кои што се нудат преку позабавен пораст на платите кај јавниот сектор исто така мислам дека нема да ги даде саканите цели бидејќи линеарната примена и заземање на^почетни позиции на затечените односно поаѓајќи од состојбата на затечените позиции не дава едно најдобро решение.

За квалитетно намалување на потрошувачката на Владата требаше да понуди радикални решенија односно во стопанството требаше да понуди решенија во поглед на исплатата на исплатите респектирајќи ги пред се постигнатите резултати, а тоа значи при секоја пресметка на платите дали е тоа месечна или квартална треба да се прават и соодветни пресметки во кои ќе бидат искажани постигнатите резултати тоа значи секој претсметковен. месец да се прават биланси на успехот преку кои ќе се прикажат фактички постигнатите резултати, а таквиот биланс на успехот треба да биде и мерило за исплатата на платите

Не случајно и во уставните решенија е даден еден инструмент кој инструмент практично иде на решенијата за регулирањето и на пречекорувањата во јавната потрошувачка односно во создавањето на едно домаќинско пазарно работење со јакнењето ан репродуктивната способност на претпријатијата а со тоа и на државата. Тоа значи дека ваквите решенија треба да бидат применувани за оние правни субјекти кои што искажуваат лоши резултати, оние правни субјекти кои што не располагаат со лични средства за исплатата на личните доходи. Тоа значи на таквите субјекти ќе им биде потребен закон или ќе биде потребан додатна регулатива со која тие ќе бидат при- нудени или ќе бидат ограничени за еден друг квалитетен однос во распределба на платите.

II/4.-

Исто така мислам дека во јавниот сектор требаше да се пријде со радикални мерки во смисла на рационализацијата на вкупната јавна потрошувачка, а погледната преку призмата на структурата на корисниците на јавната потрошувачка. Без да се впуштиме во тоа кои се се носители или кои се се потрошувачите на јавната потрошувачка и во изоценувањето на нивната рационалност не можеме да дојдеме до саканите цели. Морам да се послужам и со примерот кога расправавме по Законот за ограничувањето на јавната потрошувачка со примерот по поедините општини и по поедините корисници колкав е утврдениот обем на средства да го земам примерот со неколку општини, да кажеме со слични економски показатели, дали е тоа бројот на жителите дали е тоа бројот на вработените, дали е тоа остварениот општествен производ. Така на пример во Тетово јавната потрошувачка се замрзнување на износ цирка 35 милиони. Во една друга општина помала тоа е општината Ресен, таа изнесува 15 милиони, за да во општина Кочани која што во многу елементи може да се компарира јавната потрошувачка. е замрзната на 2 милиони и 700. Тоа се едни такви диспропорции кои или базираат на една необјективна затечена структура или пак тоа е резултат на некои меѓувремено договарања за некои средства кои што успат ќе треба да се искористат за некои разноразни намени. Со такво приоѓање со такви решенија и зачувување на едни почетни позиции не се решаваат проблемите во зауздувањето на јавната потрошувачка. Напротив проблемите ќе бидат уште повеќе продалбочени, а тоа значи ваквите решенија тешко ќе може да бидат спроведени во пракса. Може слободно да се претпостави дека оние кои биел блиску до тие министерства веќе направиле добри позиции за да ги дочекаат овие мерки во една добра состојба, а тоа не е мислам намерата на Владата нудејќи го овој закон.

II/5.-

Каква треба да .биде и состојбата за преиспитувањето на сите корисници од стручните служби на поранешните СИЗ-ови кои ги трансформиравме на некои делови на министерствата, државната управа, органите на општинските собранија, па медицинските центри во здравството, па до тоа дали ни требаат повеќе универзитети, повеќе факултети и сл. Ние треба решенијата на јавната потрошувачка да ги бараме овде, а не да ги бираме пред замрзнувањето на платите каде што правите контра ефекти а со тоа целата програма ќе ја доведеме под знак на прашање а со тоа Собранието како што реков ќе го претвориме во арена каде што ќе биде секојдневно истурен гневот од страна на поедините претставници на претпријатијата. Ова мора да се има во предвид особено што значаен дел на потрошувачката е во рацете на Владата и надлежните министерства, тие требаше до сега да направат еден многу квалитетен увид подготвувајќи се за донесувањето на оваа стабилизациона програма. Меѓутоа, за жал, еве овие податоци:каде кој како ќе биде затечен во поглед на одредениот оптек на средства зборува колку и какви подготовки се направени квалитетни за реализација на ваквата програма.

Затоа решенијата на платите независно од тоа дали ќе бидат во стопанството или јавниот сектор мора да бидат решавани со квалитативни пристапи, со стимулативни пристапи базирани на постигнати резултати, извршена работа и пред се една махинална рационалност.

Исто така мислам дека и регулативата која што се нуди за пензиите односно поспориот раст на пензиите што се поистоветува со решението како и порастот на платите во секторот на јавната потрошувачка не е на потребното ниво од причини што знаеме дека каква е состојбата на значаен дел од пензионерите, тоа значи дека со овој закон создаваме уште едно недоразбирање, создаваме еден нов проблем кој што ќе донесе со себе гнев, ќе донесеме недоразбирање, а место да ги

усредоточиме снагите на издржливиот и на истрајност.

Тука исто така сакам да изразам и една резерва во искажаниот податок во Стабилизационата програма каде што се укажува дека до крајот на 1993 година платите и пензиите ќе постигнат еден реален пораст од 26%. Ова можеби во маса на посматрање на вкупните состојба да има некој реален пораст, нез нам дали е тој токму 26% меѓутоа поаѓајќи од состојбите во повеќе носечки претпријатија во стопанството каде што во последната година платите во голем дел заостанаа реално во однос на инфлацијата земајќи го предвид каков однос имаше кај пензиите, тоа значи дека овој проблем не е адекватен на објективните состојби и со него не можеме да компарираме во маса. Слободен сум и имам подготвено конкретни податоци на повеќе претпријатија во стопанството каде што конкретно е наведено каков е односот на порастот на платите во однос на порастот на инфлацијата. Тоа значи дека Владата требаше многу пообјективно да ги оценеше и конкретно да се каже каде е тој пораст на масата на платите, реален пораст на масата на платите.

Исто така мислам во едни вака сложени услови не е баш најупатно прокалмираниот оган од страна на поедини членови на Владата дека реализацијата на програмата треба да се оствари со затегањето на ременот, тоа сигурно бара едно заедничко партиципирање на сите граѓани, меѓутоа мора да се има во предвид на кое ниво се наоѓа затегнатоста на ременот. Дали таа затегнатост не е и на некое ниво кое веќе ја поминува издржливоста или социјалната сигурнсот на граѓаните.

На крајот сакам да резимирам од сето мое искажување: Заслужува внимание напорите на Владата, меѓутоа дел од понудените решенија вклучувајќи го и Законот за платите верувам дека не е најсреќното

решение и дека со понудените решенија содржани во Законот ако механизам само можеме да очекуваме промашаи, можеме да очекуваме гнев и револт, а не и она што го сакаме. И, според тоа длабоко сум убеден да зауздувањето на потрошувачката е основен елемент за успешна реализација на Програмата.

Еве од тие причини, Владата дали преку инструментите на понудените решенија, на понудените амандмани или со нешто што ќе треба набрзо да се излезе со некои дополнителни решенија тоа е една нужност доколку сака да бидат остварени саканите цели односно за контрола и за ограничување на сите видови на потрошувачка.

Благодарам.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и госпдоа пратеници. Јас ќе отпочнам со една мала реченица од едно излагање на господинот Георгиевски кој во вчерашната дискусија рече дека Стабилизационата програма после месец или два ќе пропадне, а згреши, таа почна од сега да пропаѓа, од денешната дискусија, а исто така и ќе додадам. Во дискусијата се гледа дека овде коалиционите партнери се лажат со друг. Овде се носи пакет мерки за стабилизација, за замрзнување на платите, за друго од другата страна се гласа, а другата страна веднаш противречи. Ќе почнам повторно со една поговорка 100 стапа по туѓ грб не болат, а еден веќе се чувствува уште неудрен да боли и се чувствуваат првите реакции, затоа го зборувам тоа дека веќе пропаѓа, кога не сакаат ограничување на платите. Не ограничување, туку контрола на палтите. Зошто ако Вие господа сте исправни, зошто ако чесно ја водите таа работа не сакате контрола, не сакате да дојде таму контрола да рече браво бре директоре како водиш уредно, немаш високи примања, се согласуваш со една до две плати со работниците и само така напредувај, тоа ќе биде пофално за тебе. Зошто бегаш од тоа. Овде да не се крие нешто друго. Да не се крие тука зајакот, не да му кажувате на работниот народ трагата, а волкот го знаете Вие пред Вас и го тераш да оди да ја бара трагата, а овде е волкот. Ми се чини дека еве зошто се бара не замрзнувана контрола на платите. Да не дојде да се откријат каде што има плати од 60 и 70 илјади денари и 4 илјади денари, па затоа сега изгледа сега ќе треба да се докаже од каде дојдоа тие пари кај него толку. Колку може тој повеќе да придонесе во таа стопанска организација, колку еден денонoќно работник што работи во таа стопанска организација. Веднаш да го поврзам со стабилизацијата со

пакетот мерки кога велиме дека сега замрзнуваме, кој ќе го понесе товарот на таа стабилизација. Ќе го понесат оние сите со од по 3-4 илјади денари, а овој со 60 илјади денари нема да почувствува тежина на стабилизацијата. Сега каде оди стабилизацијата. Што треба да се каже. Дали тука не му правиме на народот некоја заврзлама, па после повторно ние да излеземе прави овдека. Исто така да ги спомнам пензиите. Кој ќе го носи товарот на стабилизацијата. Оние со по 2 две ипол илјади денари, а со 25 до 30 илјади денари не е тоа за него се исто. За него тој ќе ја осети таа стабилизација ќе може само еден до два леба да купи, а овој на кого му се многу тие пари ќе купува марки на црната берза и нема што да прави со толку пари. Видите колку итро се затајува намерата за платите , се префрлува со Стабилизационата програма , со работните односи, со други, овде зборуваме за законот за платите, не зборуваме за другите работи. Тоа значи дека им беше срам да ја кажат таа работа, а сега го префрламе како што велат зборам ти ќерко, сети се снао. Ова исто така се однесува кажи отворено дека јас имам толкави примања оваа контрола ќе ме засегне и не сакам да има контрола во платниот промет. од ова сакам да заклучам дека од сега веќе треба да се размислува дали беше исправно и зошто не ја коригиравте заедно тогаш Стабилизациона програма, двете коалициони партии, ами сега да дојде во коалиција и грижејќи се Вие да го поднесува товарот народот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Како што поминува се повеќе време од експозето на премиерот, се поочигледни се резервите и од коалиционите партнери, кои изразуваат сомневање во понудената Стабилизациона програма и пакетот на закони кои се понудени за изјаснување во ова Собрание. Па така, наместо балонот да пукне каде што треба, после примената на законите во

III/3.-

практиката се поочигледно е дека ќе пукне до крајот на оваа седница Седумдесет и прва, до донесувањето и на последниот закон. Тоа го покажа и вчерашното гласаше по Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на промет и услуги, на производи и услуги иако беше кажано дека коалиционите партнери застанаа зад Владиниот пакет Предлог на закони кои беа понудени. Вистината беше сосема поинаква, а тоа е дека ако не беа неколкуте пратеници од опозицијата, Владината коалиција не можеше да собере 40 минимум гласови за да и помине предложениот закон.

Што се однесува до Предлогот на законот кој што е. предмет на расправа во ова Собрание, несомнено е дека во услови на пазарното стопанисување и приватна сопственост, ограничувањето на платите е нелогично, меѓутоа, далеку сме и од пазарното стопанство и од приватна на сопственост во сопственичките односи во стопанството. Платите во наши услови се изгледа едни од совните каратистички во било која стабилизациона програма, па и во оваа. Меѓутоа, треба да се потсетиме како падна стабилизационата програма што исто така овој парламент ја донесе во време на Владата под Претседателство на д-р Никола Кљусев кога заради предлози од коалиционите партнери со измена и дополнување на Законот за платите, една од основните сидра на стабилизационата програма и покрај покажаните извонредни услови истата се сруши сруши. Во декември минатата година 19 92 оваа Влада под претседателство на премиерот Бранко Црвенковски понуди една мини- стабилизациона програма за да се санираат последиците од претходно срушената стабилизациона програма, пред се во однос на сферата на платите иако добро не служи паметењето и сеќавањето, иако дел од опозицијата се залагаа прашањето на платите да биде регулирано со закон, таа сфера да биде законски санкционирана, Владата понуди мини - стабилизациона програма, инсистирајќи тоа

прашање во сферата на платите да не биде предмет на законска материја, определувајќи се за колективно договарање, демек изразувајќи една преголема демократичност во процесот на преговарањето, договарањето за да се покаже дека оваа Влада е навистина е толерантна и подготвена да ги слуша, сослушува различните мислења на партнерите во договарањето. Меѓутоа, помина една година од таа стабилизациона - мини програма што ја понуди оваа Влада, се покажа дека колективното договарање не води никаков ефект и сега Владата повторно тој неуспех сака да го санира со еден закон за ограничување на исплатата на платите, пензиите и другите надоместоци и дивидендите во Република Македонија. Не го негирам колективното договарање кое е едно од основните уставни определени категории, меѓутоа, сакам да укажам на фактот дека од преголемото инсистирање на тие четири сидра, вакви сидра, такви сидра изгледа Владата не удави сите во условите на стопанисување кој што во практиката ги имаме. За мене лично карактеристична е една многу негативна појава во стопанството. Пред се, манипулацијата со платите заради политички цели, предизборен маркетинг, пристап на коалиционите партнери, што покажува сосема негативни резултати за санирањето на состојбите во стопанството. имено, се стимулираат плати, не зависно до кој плафон ќе постигнат истите, повисоки од реалното материјално покритие во стопанството, тоа податоците сами по себе го покажуваат за да во неможноста на исплата истите се прокнижат како загуба за да истата загуба од месец во месец се комулира за да се предизвика состојба на стечај и ликвидација. И тоа можеби е единствената придобивка на оние структури во владеачката гарнитура на државата, кој што преку фиктивните стечаи, пред се, преку влијанието на платите настојуваат општествената сопственост да обезвреднето полесно ја откупат и ги

земат тапиите за сопственичките права на истите, од една страна знаејќи дека за сметка на тоа од друга страна работниците ќе останат на улица. И не случајно кога не се нудат некои позначајни услови за стопанисување, за живување на стопанската активност се посега по платите кои во такви ограничувања уште повеќе ќе го зголемат класно социјалното раслојување со оној што отворил приватни претпријатија, не зависно од текстот на овој закон за ограничување на платите, си го обезбедил веќе во основачките права, основачкиот влог и профит, не зависно од висината и ограничувањето на палтите. Проблем е што Владата не скраггувајки ја јавната потрошувачка ги зголеми цените преку јавните претпријатија за кои таа иста Влада ни понуди закон за измени и дополнувања на Законот за претпријатијата, го презеде водењето на деловната политика во јавните претпријатија и на тој начин влијаеше сега со последните зголемувања на цените, да ја загрози егзистенцијата на граѓаните и работниците. И сега многу е лесно во услови кога пред крајот на една буџетска година Владата в" даде образложение во својата политика што ја предлага дека стапката на инфлација за идната година во декември 1994 година, во однос на декември 1993 ќе изнесува максимум 70% годишно.

Имам неколку конкретни забелешки кои сметам дека се пред-услов за да и овој закон пропадне, а да не може да ги оствари целите за кои се предлага, пред се во дефиницијата на тоа кој се ќе потпадне под законот аз ограничување на исплатата на платите, пензиите и одделните надоместоци кај правните лица во зависност од сопственичките од- носи на средствата за производство. Имено, законот се однесува само за претпријатијата и правните лица во општествена сопственост. За оние кои што се во приватната овој закон не се однесува. Јас ќе говорам и за

амандманите кои што ги предложив , имам и конкретни забелешки, токму по однос на ова прашање, заради тоа што стопанските субјекти се доведоа во нерамноправна положба и позиција т се нарушува уставно загарантираната заштита на сопственоста, независноно од нејзиниот карактер, дали е приватна, општествена или државна и се доведуваат стопанските субјекти во нееднаква положба на пазарот. Ако добро исто така се сеќаваме може да се потсетиме на оваа стабилизациона програма уште на првата страница каде се определуваат макроекономските движења, каде што и Владата само констатира дека ерозијата на приходите за финансирање на јавните потреби е резултат на масовна законска даночна евазија, која се манифестира единствено кај обврзници кој се во приватниот сектор и значајното присуство на сивата економија, особено во сферата на прометот. Ако е така, а нема причина зошто да не веруваме во овие констатации од Владата, кои се црна хроника на стопанството во Република Македонија, тогаш побудува интерес и дилема прашањето зошто законот се однесува само за правните субјекти во општествена сопственост, а не за сите подеднакво, не- зависно од карактерот на сопственост, дали станува збор аз приватна државна или општествена. Сметам дека законот воопшто нема да придонесе за некаква позабрзана трансформација, тоа е само ветер и гагла, фрлање прав во очи, токму заради тоа што фондовите за дзравствено осигурување, за пензиско и инвалидско осигурување announcements неможат да ги пополнат своите дубијози и загуби, заради фактот што немаме критериум и немаме ефикасна инспекциска контрола за да се наплатат придонесите од правните субјекти во приватна сопственост и да се пополнат фондовите од кои што сите се корисници. Тоа и од причина што членот 8 дефинира што би претставувало плата по работник како основица за

пресметување на даноците и придонесите од палта, меѓутоа, ако се има предвид и тоа 65% од просечната месечна нето плата по работник во стопанството објавена во тековниот месец, меѓутоа, ако се има во предвид дека овој закон се однесува само за општествениот сектор, прашање е како државата и државната администрација ќе мора да ги наплати придонесите и платите кога знаеме кога секогаш просекот се определува пред се во стопанските субјекти во општествениот сектор, а во приватниот сектор само посебен ги прилагодуваат своите минимални примања, за да врз основа на нив се плати оној минимален придонес за здравствено пензиско и инвалидско осигурување, што од друга страна ги намалува фондовите и доведува истите да ги зголемуваат своите загуби.

Сметам дека Владата би требала да понуди закон со кој ќе се гарантира минималната наемнина на работникот или дневница за стопанството или нестопанството, дека е потребно во сверата на платите да се донесе закон за индексација на платите во државната; администрација со една оптимална рестриктивна програма, посебно донесена можеби и во рамките на ова Собрание, можеби по предлог од Владата за реорганиазција и рационализација на државната управа. тоа беше основната фаленка на целата стабилизациона програма, без тоа ниту јавната "потрошувачка в' може да ја контролираме и стабилизираме, ниту ќе можеме да влијаеме врз стабилизирањето врз вкупните стопански текови во Република Македонија. Пред се со донесување на закон аз државна управа закон за Владата на Република Македонија со кој закон за индексација на платите според работните места , утврдени со соодветни работи и работни задачи за кои што ќе бидат со индекси утврдени платите, за да можеме да носиме и издржани буџети и за да со реорганизирањето и рационализирањето на државната управа влијаеме буџетската потрошувачка биде намалена, а со тоа овозможиме со

помали придонеси зафаќања од даноци и други зафаќања од стопанството да влијаеме истите стопан- ски субјекти да бидат растоварени. И на крајот ми се чини дека заслужува внимание и изјавата на пратеникот Иван Иванов за што би требало да се поведе посебно внимание кога работниците би штрајкувале заради законот кој ќе се донесе, ако се донесе да им препорачаме дека треба да штрајкуваат пред Владата на Република Македонија, за да не си ги испере рацете и да каже законот е донесен од Собранието не од Владата, иако тоа е пред се една од основните елементи на стабилизационата програма на Владата и закон кој што го нуди во форма од страна на Владата, аз да не ја симне одговорноста и префрли пред Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници законот за плати и пензиите како еден од инструментите на стабилизационата програма има за цел да ја ограничи масата на плати и пензии во рамките на параметрите утврдени со таа програма. Според тоа , основната цел на програмата е лимитирање на вкупната маса на плати, но ни и распоред на таа маса на плати,по области, дејности и гранки правни лица. Распоредот на така лимитираната маса на плати може да се врши со законот. И договорите со ММФ и Светската банка се направени аз лимитирање на вкупната маса на плати, но не и распоредот на таа маса по корисници. Со оглед на тоа што програмата има рестриктивен карактер., заради подобро утре, товаро1 на тие рестрикции треба да се распореди на сите граѓани на Република Македонија, со што тој иако е голем, распореден е на сите, а по поединци е помал. Зошто ова го велиме. Затоа што 1993 година имаме огромно зголемување на распонот на платите помеѓу стопанството и не стопанството, па и во рамките на самото стопанство.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Според предложените решенија во законот најголемиот товар од овие рестрикции ќе падне на работниците и граѓаните со ниски лични примања, а многу помалку на корисниците на високите плати и примања. Со нашите предлози кои ги даваме во форма на амандмани јасно се гледа дека товарот на рестрикциите треба да биде распореден на сите, со што би се постигнало: поголеми рестрикции во нестопанството од стопанството и второ, степен на рестрикции според големината на платите, што отсуствува од Предлогот на законот во членовите 3 и 5.

Според тоа, предлагаме поголем процент на ограничување на поголемите плати, а помал за помалите плати. Во тоа е и суштината на амандманите што ги поднесов во врска со членот 3 и членот 5 од законот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратениот Ештреф Алиу.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници во принцип секогаш при донесување на закони се залагам тие да носат што повеќе дух на демократичност и да бидат што посовремени, потполно во функција на граѓаните. Крајно свесен за позицијата во која се наоѓа нашата држава, обидувајќи се крајно коректно да ја сфатам и позицијата на Владата, конкретниот закон кој се предлага и решенијата што ги нуди склон сум да ги сфатам за сериозен напор во нашето општество во што побрзо можно време да се воведе ред. Напорите на дискутантите да укажуваат на недостатоците треба да се ценат и да се сфатат како придонес во функција да имаме подобар закон.

IV/2.-

Но вака како што тече .расправата кај нас се наоѓаме во иста позиција, а ставот и начинот како ги гледаме работите дијаметрално се разликува. Додека опозицијата се труди да негира се, да руши се, секој можен чекор, секое решение што го нуди моменталната В1ада, низ еден осврт кој е крајно нихилистички, кој не нуди никаква перспектива и излез, речникот^на негирањето е крајно некоректен, во него има многу произволности, а скоро од почеток до крај недостаток на докази. Заправо, кон позицијата на Владата која конкретно и смело ја претставува положбата во Парламентот пред пратениците и пред јавноста, таа смелост со сите недостатоци сака да се злоупотреби.

Заклучок: Владата укажува на конкретните слабости. Се работи за лек со кој не располага Република Македонија за да се излечат работите. Опозицијата сака да каже: Господа, па бевте здрави. Ние во наши редови примаме само здрави луѓе, вие неправедно без наше прашање се разболевте. Премиерот и Владата укажува дека лекот, без оглед на цената, треба да се донесе и да се излечиме. Опозицијата кажува: Не, треба да се умре. Ништо повеќе вие што реагирате не нудите туку филозофски гледано нудите едно кружење во кругот, убаво или лошо, внатре во кругот и никаков излез надвор.

Да заклучам, значи во досегашната дискусија се работи за праведноста и неправедноста на односот. Владата и опозицијата врши напори крајно реално и одговорно да се однесува кон конкретна- та позиција и да нуди решение. Односот на опозицијата е крајно не-одговорен. Таа што нуди? Зборови, зборови, зборови. Исклучок од тоа многу ми е драго, прави господинот Петров.

IV/3.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Процедурално, има збор господинот Коле Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Мојата интервенција е повеќе кон претседавачот на седницата - односот на претходниот дискутант. Апсолутно тој што се обрати до опозицијата, подобро да се обраќаше до својата партија, бидејќи досега ни држи само едни, таканаречени, болшевички предавања кои ве- ќе три години ги слушаме. Јас ве молам да не ме малтретира веќе понатаму, со вакви болшевички предавањата Вие се обраќате за законот, а ниеден збор не сте кажале за законот. Трагедијата е тука што самиот претседавач со ништо не интервенира. Ве молам, држете си седница таму во партијата, не се обраќајте само до опозицијата. Значи, си во позицијата, но има некој што мисли поинаку. Ако имате со господинот Петров, расчистете си со господинот Петров.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, оба нема врска со процедурална интервенција. Има збор господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, нормално е дека при дискусијата за донесувањето на еден ваков закон како што е законот за исплата на платите и пензиите ќе се јават разлики и во опозицијата и во позицијата. Буквално во расправата по овој закон денес видов дека не само што опозицијата го напаѓа овој закон туку и пратеници од позицијата. За мене е непримерно во парламентарната демократија пратеници кои се членови на позицијата односно оние кои ја избрале Владата и стојат зад Владата, коалиционата Влада на Република Македонија, на пример за некои законски решенија да поднесуваат амандмани. Меѓутоа, факт е

токму дека и за овој закон имаме поднесено амандмани од пратеници од позицијата. Еве, само ќе ги спомнам тука пратениците на СДСМ Никола Стојановски и Љупчо Поповски кои на овој закон предложен од Владата, од нивната Влада поднесуваат амандмани, што значи, не се работи овде за тоа дали опозицијата ќе го критикува овој закон. Со овој закон се решава едно прашање кое може да доведе 300-400 илјади вработени во Република Македонија на работ на егзистенцијата. Во тоа е суштината. Нормално е, секој политички субјект во ова Собрание да биде загрижен токму за своите избирачи-.- Тоа е најнормално во парламентарната демократија.

Јас ќе кажам, исто така, овој закон нема да го поддржам вака како што е предложен, без разлика што и опозицијата има поднесено амандмани и тоа е нормално, значи нудиме и соодветни други решенија, а не како што ги понудила Владата.

Дискусијата на господинот Иван Иванов исто така на некој начин ми даде за право да кажам дека само после два? дена од најавувањето на таа стабилизациона програма веќе имаме раслојување во самата коалиција, во самата позиција во ова Собрание, што значи дека оваа програма стабилизациона на Владата ќе биде со краток рок. Зошто? Затоа што е донесена врз основа на тоа што ММФ им дал пред- лог за ограничување на платите, на исплатата на платите и пензиите. Најголемите членови во тој ММФ се токму од капиталистичките земји,, односно и тие што се наши советодавци се од капиталистичките земји. Јас не верувам дека во ниедна капиталистичка земја ваков закон се донесува, туку се донесува само во пост комунистичките земји каде што други ни солат памет, а видовме дека тие стабилизациони програми не само во таа бивша Југославија или во Македонија туку и во многу други посткомунистички земји пропаднаа затоа што самите изгледа немаме памет, односно оние идеи кои ги имаат одредени политички партии, па

ќе кажам и мојата партија ВМРО-ДПМНЕ, за жал не можат да се остварат затоа што не сме во позиција туку сме во опозиција. Немаме парламентарно мнозинство, а доказ ми е дека таа стабилизациона програма и пакетот на закони што оваа Влада ги понуди како дел од таа стабилизациона програма и вчерашното гласање за претходниот закон, односно за данокот на промет на производи и услуги. Се виде дека една пратеничка група, односно поголемиот дел на пратеничката група на ПДП беше против тој закон. За жал, ќе кажам за жал, со немање кворум тој закон се изгласа. Каква е тогаш демократијата во Република Македонија, ако имаме барање на една пратеничка група да се гласа поединечно, а тоа не и беше дозволено. Така беше тоа, тоа невистина, тоа сите гледачи кои го следеа Парламентот го видоа, односно целата македонска јавно што тоа го виде. Се донесуваат закони, ќе кажам, и тоа е многу опасна работа да се донесуваат закони без кворум овде без тоа потребно уставно парламентарно мнозинство. Тоа е најопасното нешто што може да ни се случи во оваа на оваа држава Република Македонија. Утре може тоа да ни се случи на некој да му текне да изгласа без мнозинство и диктатура да спроведе во оваа држава.

Ќе повторам уште еднаш, овој закон вака како што е, се разбира ако некои амандмани од опозицијата не бидат прифатени не би го поддржал.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Симон Наумоски.

**СИМОН НАУМОСКИ:**

Почитувани пратеници, веднаш на почетокот на своето излагање сакам да укажам дека не постои никакво раслојување во однос на

ставовите во позицијата поврзани со стабилизационата програма кај Либералната партија. Либералната партија во целина го поддржува се она комплетно што е усогласено со Мисијата на ММФ и тука, господа, што станувате вие на говорницата и кажувате дека има расцеп не е вистина. Можно е, и реално е, и демократски и објективно е за не- кои други предвидени решенија во ,стабилизационата програма, надвор од она што е усогласено со Мисијата на ММФ, некои наши неслагања да постојат. Тоа е сосема друго прашање и е објективно, и треба да се каже, и ние тоа го кажуваме. Според тоа, повторувам, Либералната партија целосно комплетно стои зад се она што е усогласено со ММФ и презентирано во оваа целосна стабилизациона програма.

Јас немам намера да дискутирам, но сакам да се осврнам на еден момент поврзан со платите, предизвикан од претходните дискутанти. Да се потсетиме на еден момент од податоците кои се дадени напред во програмата. Загубите во стопанството во Републикава во оваа година, како што стои на самиот почеток на стабилизационата програма, оној дел каде што немаме можност да дискутираме, дека се достигнати на граница некаде од 10% од општествениот производ на Републиката, што значи дека со тенденција, искажано внатре, и по- натаму ќе растат. Според тоа, загубите и според податоците со кои располагам од анализите за работењето на стопанството во Републиката се многу поголеми по периодичните пресметки од добивката, што значи дека платите кои досега сме ги исплаќале, значи и платите, страотно влијаат врз создавањето на масата на загуби. Според тоа, преку масата на плати кои досега сме ги исплаќале, какви такви, за висината не сакам да зборувам, ние сме придонеле директно во Републиката да создавање на тој дефицит, со напомена дека се очекува и во наредната година тие загуби да растат. Според тоа, ние веќе сме го изеле доходот, профитот во минатиот период, со напомена, со констатации дека тој и натаму ќе се

зголемува, а тоа треба од не- каде да се покрива. Од каде да се покрива? Сигурно треба и може да се покрива или со свој профит или со увоз на странска акумулацијау а веќе во Буџетот за наредна година помалку или повеќе со тие странски кредити се планира да се чини. Стопанството денес во Републиката не создава средства, веројатно ни^за проста репродукција, а ние се залагаме за некое слободно формирање на платите. Сугестијата - сега зборувам лично - и барањето на ММФ за некое уоквирување во некои законски рамки, поблаг пораст на платите во наредниот период во од- нос на акумулацијата и профитот за стопанството во целина го прифаќам и мислам дека таа постапка што е пред три дена од страна на Владата е сосема во ред. Само прашање е дали не требаше или нешто поостра да биде. Се до оној момент додека во оваа држава не се створи масата на плати што се исплаќа во цела Република не биде во некои рамки како дел, процент од остварениот доход, нема да има стабилизација. Оваа земја ќе мора да бара странска интервенција на кредити за покривање на тој дефицит.

Според тоа, ми се чини дека нема ни основа да се зборува дека постои подлога за наредниот период, барем за наредната година од сопствени извори целосно да се обезбеди и покрие масата за плати за исплата во Републиката.

Да се осврнам и на нешто друго и да речам дека лично ка- ко стопанственик ме плаши, заради тоа што со мерките на стабилизационата програма кои се исклучително рестриктивни, кои директно ќе го намалат производството на потрошувачката во Републиката, се плашам да не дојдеме во ситуација да немаме можности и правото кое го дава законот за исплата на просечните плати во наредните месеци односно во наредната година да не можеме да го исплатиме, а да не се случи да влеземе во загуба и во неликвидност во претпријатието.

IV/8.-

Според тоа, законот како решение го прифаќам. Друга ратбота е што по него имам одредени забелешки. Пред се, забелешки имам од таа што законот не е поселективен. Тоа значи дека не е повеќе прецизиран во однос на оние стопански организации кои се многу многу подобри или добри во однос на оние кои се крајно слаби и работат со големи загуби и директ^уз влијаат на влошување на економските текови во Републикава.

Комисијата за стопанство посебно внимание му посвети на овој закон, расправаше, го прифаќа во пакетот на мерки и укажа на неколку забелешки, меѓу кои се два амандмани кои дополнително при амандманската расправа јас ќе ги потенцирам. Забелешките на Комисијата за стопанство ги искажа се следните, а тоа го спомна и почитуваниот колега Ивановски.

Терминот на основицата август - септември не е поволен од причините кои ги спомна тој, и зад кои и јас стојам целосно, ги прифаќам и Комисијата смета дека е најповолен во моментот засега барем терминот септември и краен рок на исплата 10 ноември.

Втора забелешка која се укажа е тоа што се дава огромно право на приватниот сектор за да може платата да ја исплаќа онолку колку што сака, без да е дефинирана основицата исправно, мислам на исправно дефинирање на основицата, на која ќе се сметува односно ќе се пресметуваат месечните даноци и придонеси кај приватниот сек- гор на вработените.

V/1 ДВ/ЛБ

**СИМЕОН НАУМОСКИ**: (продолжение)

Тука Владата треба да направи некоја корекција, а на Комисијата за стопанство беа укажани некои примери како треба да се постапи. Јас за нив тука нема да зборувам.

Следна забелешка беше проблемот на хранарината која од 25% е смалена некаде на 15%. «'Меѓутоа, се га пред да станам да дискутирам забележав дека Владата веќе доставила амандман на овој член на законот и ја прифатила сугестијата, го избришала тој член. Така да тоа останува на старото решение, што е за поздравување.

Понатаму комисијата имаше забелешки и на членот 15 за што се бараше појаснување за тоа на што се однесуваат казните. Дали на нето исплатени плати или на бруто исплатени плати. Во законот не е јасно дали законот важи во услови кога платата се исплаќа во бруто износ или само кога платата се исплака за нето износ. Такви толкувања Владата требаше да достави.

Следна забелешка е дали казнените одредби во законот важат во случаи кога одредено претпријатие навреме заедно со нето платата не ги подмири и даноците и придонесите од платата.

Следното прашање , мое лично, е: се обидов да го прелистам уставот и не сретнав дека според уставот платите се регулира. со закон. Платите се регулираат, колку ми се чини само со колективни договори. Дали е уставна оваа постапка за донесување на ваков закон за плати или не е? Молам Владата да даде одговор после излагањето.

На крајот сакам да го кажам и следното: дали постои можност во наредниот период да се размисли, до колку е исправно и законски, платите да се врзат нивната висина, за континуирана месечна ликвидност на претпријатие. Понатаму финансиските обврски на претпријатието спрема добавувачите и за навремена исплата од страна

на претпријатието на сите даноци и придонеси кои му следуваат на име на плата.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Точно е дека законот не оди со логиката со пазарната економија меѓутоа точно е и тоа дека претставува стабилизационен фактор во контекст на другите стабилизациони фактори на стабилизационата програма.

Тоа што приватниот сектор е ослободен од рестрикции мислам дека е добро заради тоа што тука постои потполна пазарна демократија и создавање на услови за профитабилност. Клучно прашање е само која ќе биде основицата со која ќе бидат третирани платите во приватниот сектор заради тоа што таа основица е нелогичната основа од која треба воглавно да се ревитализира буџетот на Републиката како централна институција со која и низ која Владата ќе може да ги решава дубиозите во јавниот сектор.

Исто така точно е дека постои потреба од замрзнување на плати во општествениот сектор меѓутоа мислењето на општествениот сектор што с еуште е останат на општествена цена и дека некој чека истиот да дојде прв случај, имаат и своја алтернатива. Нека општествениот сектор што побргу бега во реприватизација и на тој начин нека се ослободи и од ограничувањето на личните доходи односно нека се најде во секторот каде што е нашата глобална ситуација.

Рестрикциите во јавниот сектор за мене се исто така логични заради тоа што и овој сектор се уште не е реструктуиран. Неговиот централен извор претставува буџетот. Меѓутоа, не значи дека ако имаме добар буџет и дека јавниот сектор пак треба да живее таков како што е долго под сенката на буџетот. Имено, јавниот сектор треба да се реструктуира, а мислам дека целокупниот пакет на закони кои се на

дневен ред и кои што ги донесовме се во функција јавниот сектор да се реструктуира и на тој начин да поевтини државата.

Се согласувам со оценките дека како небулоза на законот е неговата неселективност во однос на организации кои така се затекнати заради својата позиција, Со оваа логика јас го поддржувам донесувањето на законот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Се уште сме на расправата по општиот претрес по законот за исплата на платите и пензиите.

Дали уште некој бара збор?

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Со оглед на тоа како се одвиваат работите во врска со оваа седница, заради мачното чувство дека на нас пратениците и не ни се дозволи на вистински начин во делот на своите права и обврски да се вклучиме во расправа за предложениот пакет мерки и стабилизациона програма што Владата ја предложи, размислував дали воопшто е достоинствено да се прифати било какво учество во една таква ситуација. Но, со оглед на тоа што ова прашање е прашање кое што драматично доминира во општата состојба на македонската држава, сметам дека по малку ќе се погреши човек да биде по малку достоинствен но сепак да даде придонес, ако не друго барем како поука на оние кои си дозволија работите за вака суштински прашања да ги постават на ваков начин од позиција на владеење, а јас би рекол од позиција на државен тероризам, овој пат во сферата на економијата и стопанството.

Скоро типично беше излагањето на секој пратеник од позицијата со декларацијата дека законот го прифаќа, но има забелешки, а видовме дека тие забелешки по правило се од суштинска природа. Знаеме исто така дека предлагачот нема да дозволи прифаќање никакви амандмани

од суштинска природа бидејќи со тоа би се променила концепцијата на предлагачот. Тогаш прашањето само по себе се наметнува зошто такво лицемерие, зошто во ситуација кога политичките партии што учествуваа во власта најавија дека имаат остварено консензус во врска со програмата, а пратениците токму од истите партии изразуваа отворено спротивставување на самата програма. Дали можеме да веруваме дека оваа стабилизациона програма ќе може среднорочно  не би рекол долгорочно да ги постигне целите за она што е наменета. Јас токму тука сакам да искажам еден свој став, а на тоа ме испровоцира и излагањето на господинот премиер на Владата кој исто така го лоцира проблемот на прашањето зошто « толку долго време Владата беше немоќна и неспособна да предложи стабилизациона програма и наеднаш ја изненадува македонската јавност во последната година од својот мандат сепак да изнесе еден пакет на мерки овде пред пратениците. Јавноста сфати дека оваа Влада во досегашниот период во својата неспособност да владее со Македонија единствен излез наоѓаше во политиката на отворени прашања, во анархијата во економскиот и стопанскиот живот на Македонија. Сигурно дека мора секој да се праша зошто токму сега програма и дали можеше оваа неспособна Влада до сега да најде такви сили квалитети во своето работење да се обиде да предложи воопшто такво решение. Јас тоа го ценам како изнудено однесување на Владата од оние меѓународни партнери во склоп на оваа глобална ситуација, комплексна во која што се најде Македонија. Но, од друга страна и заради внатрешно политички потреби на партиите кои учествуваат во таа Влада. Имено анархијата да ја заменат со преструктуирање на товарот на оние кои треба да го поднесат во евентуално можно излезно решение во оваа криза. Од таму не навлегувајќи во детали токму за овој закон што е сега на дневен ред, заради таа резерва и основано сомневање дека

оваа Влада точно пресметано знае на кого да го префрли товарот на можни излезни решенија посакува да ги оптовари оние структури од граѓаните во РМ кои и досега беа најдисциплинирани и кои воопшто не беа виновни за ситуацијата, а на некој начин ова се во овој склоп на овој пакет мерки претставува алиби на оние кои сега се неспособни да дадат, дури да се осети можност за еден оптимизам во наредниот период за време на завршување на нивниот мандат. Затоа за мене апсолутно е неприфатлив законот кој е вака дефиниран со текстот што ни е доставен на пратениците.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Јас неколку зборови би сакал да кажам во врска со законот за плати.

Прво би рекол дека немаме закон за исплата на плати донесен, што јас повеќе пати барав да се донесе, на некој начин да знаеме како и на кого се исплаќаат платите во државните установи во здравството, во образованието и др. Имам дојам дека во врска со платите има многу разлики и многу негодувања, што е неопходно за остварување на буџетот односно за користење на буџетот да има и закон за плати.

Законот за ограничување на платите кој е денес на дневен ред мислам дека , добро беше кажано дека македонската држава е оштетена 3 милијарди долари поради блокадата на СРЈ. Некој треба да ги надополни ваквите изгубени средства.

Ако го погледнеме периодот во последните пет години ќе видиме дека општествениот производ постојано опаѓа, дека производството постојано се намалува од година во година, дека инвестициите опаѓаат, нема иницијатива за инвестирање, дека приватизацијата многу доцни, се одлеваат средства . Навистина настанува приватизација меѓутоа не на

законски начин. На незаконски начин се одлеваат средствата. Така да од ден на ден наидуваме на тешкотии.

Сепак со овој закон се нуди некое решение кое треба да се прифати и го прифаќам, меѓутоа сакам да укажам ако производството во општествениот сектор па и друго во индустријата, земјоделието итн., ако во овие две години поради блокадата на СРЈ немаа можност организациите да набават репроматеријали, немаа можност да договорат, да го менуваат партнерот, купецот на производството и ако работеа капацитетите со 50% во овие моменти, а ако веќе сега се преорганизираат и пронајдоа каде да се пласира производството пронајдоа од каде да се набави репроматеријал и треба да работат во 100%.

Како и на кој начин ќе се исплатат личните доходи односно платите на работниците кои навистина ќе остварат доход, а мислам од платите на работниците во производството е главна ставката на буџетот па ако ние ги ограничиме, работниците нема да го создаваат потребното производство а со тоа се намалуваат и придонесите и даноците на буџетот, како и општата потрошувачка. Затоа одиме на празнеше на буџетот.

Мислам дека треба да се изнајде и друго решение, да се ограничи најголемата плата во организацијата да се каже кој би бил плафонот а другите да одат до тој плафон а не вака како што е предложено. Мислам на некој начин тоа да се исправи.

Понатаму би сакал да кажам дека организации, приватни претпријатија и други не ги плаќаат придонесите и даноците на време, а со тоа не ги плаќаат и личните доходи на вработените. Крајно време е да се преземе некоја мерка да бидат обавезни сите организации на некој начин да ги плаќаат личните доходи на работниците а со тоа и придонесите.

V/7

Јас знам дека треба да избегнуваме да одиме со законска регулатива во стопанството меѓутоа сега е нужно и би предложил до 8 во месецот сите производни организации од стопанството, дали приватно или не и оние дуќани што имаат мораат да ги платат платите на работниците до 8-ми наредниот месец. На 10-ти во месецот да се исплаќаат сите плати на корисниците од буџетот а на 12-ти во месецот да се исплатат пензиите. На тој начин ќе ги добиеме средствата.

Не би сакал многу да образложувам меѓутоа за јануар месец треба да се исплати плата, ако таа изнесува 100 за декември 600 или 800, придонесите и даноците се плаќаат на 100-те денари, иако на крај на годината. Зошто не се ревалоризираат и не се доведат во сегашна состојба тие плати и да се платат тие придонеси што е задоцнето.

До колку организациите доцнат после овие рокови или други рокови, законодавецот да утврди кои рокови, организацијата мора да плати затезна камата на вработените затоа што вработениот мора да плати после 8 дена по истекот на месецот за грееше за електрична енергија, вода и тн, сите тие комунални работи мора да ги плати.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:(**продолжение)

Меѓутоа, не зима шест месеци личен доход, одкаде да ти плати. Така да и оние организации ги оневозможуваме да работат затоа што навреме не се плаќаат комуналните работи. Мислам дека треба и тоа на некој начин да се уреди.

Од сето ова Законот за плати го прифаќам, тоа е во ред, меѓутоа, овие работи што ги предлагам на некој начин да бидат вградени, дали во овој закон или во други законски прописи. Се спомна данок, кој што треба да се плати до 31 на 5-ти во месецот за изминатиот месец, на 20-ти за изминатите 15 дена. Ако еден ден се касни се плаќа затезна камата. А зошто на данокот од личниот доход кој касни повеќе месеци, а некаде и години не се плаќа затезна камата. Мислам дека тука не сме во право и дека треба да се наплати.

Исто така, мислам дека во финансии треба да се стави еден ред. За финансовата инспекција рековме уште од одамна дека е потребна, а сеуште не е формирана. Платниот промет не е прилагоден на стоковото стопанство и за контрола, што мислам дека треба да се прилагоди и да се преземат мерки. На тој начин мислам дека средствата за буџет ќе бидат многу поголеми и ќе може државата да ги подмири сите расходи, ако се прибираат средствата и да престанеме со оваа сива, дива, ваква - онаква економија, која што треба на некој начин да воспостави контрола над овие работи.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, несомнено дека Законот за исплата на платите и на пензиите, за кои дискутираме нуди ограничување и во суштина е рестриктивен. Меѓутоа, мислам дека причината^и филозофијата на рестриктивноста на законот треба да се бара пред се во карактерот на кризата во Република Македонија. Мислам дека не треба да го имаме особено во општиот претрес по законот, пред да поминеме на негово амандманско разгледуваше, уште од сега одредени одредби во Законот да ги доведуваме во позиција дека од нив ќе зависи нешто многу околу законот итн. Напротив мислам дека во овој општ претрес по законот прво треба да се изјасниме дали тој закон е прифатлив за Собранието на Република Македонија. Мислам дека треба да се изјасниме дека Законот е прифатлив, макар и таков како рестриктивен од следниве причини.

Стопанската криза во Република Македонија пред се произлегува од неусогласеноста на понудата и побарувачката во РМ. Тоа не заради што понудата е голема, туку напротив затоа што понудата во РМ е многу мала, а побарувачката е многу голема. Од овде произлегува една несомнена определба на Владата која треба да биде определба и на Парламентот дека треба да имаме закон со кој ќе влијаеме на сферата на побарувачката во РМ со цел таа да се намали. Имајќи предвид од документацијата на Владата дека во РМ близу половина од агрегатната побарувачка во државата се должи на побарувања од личниот стандард, побарувања од личната потрошувачка, несомнено е дека ако сакаме да влијаеме на таа побарувачка да се намали, едновремено со мерки за зголемување на понудата и за урамнотежување на стопанството, таа треба да ја ограничи. Затоа мислам дека во суштина ваквиот приод на

Владата треба да се цени и да се даде поддршка.

И интенцијата на ММФ да го поддржи таквиот пакет од кој овој Закон е сигурно еден од повлијателните треба да се поддржи, не треба да се минимизира, нашата како држава зборувам, кооперација со ММФ посебно услушување на она што ММФ е напластено близу половина век и како епириско и како теоретско знаење и нудење на помош на сите држави во светот.

Мислам дека овој закон треба да се гледа не изолиран, туку во пакет на другите закони и во пакет на Програмата која ја нуди Владата, која исто така е ограничувачка. Јас само ќе пот- сетам дека ние веќе донесовме закон за ограничување на јавната потрошувачка на близу 40% од општествениот производ на РМ. Значи исто така вториот голем сегмент од глобалната побарувачка во Македонија, односно, потрошувачка, го ограничивме. Овој закон ќе ја ограничува се повеќе личната потрошувачка. Се надевам дека во текот на денешниот ден и утрешниот ќе имаме можност да разговараме и за другите закони кои нудат ограничување, ,како што се монетарните платно - билансни ограничувања итн. Мислам токму од тој аспект во оваа фаза треба да се разгледа овој закон и ова Собрание да се изјасни дека таков закон кој ќе ја намалува глобалната побарувачка, заради тоа што не е усогласена со нашата глобална понуда треба да добие поддршка. Инаку доколку ние се изјасниме дека сферата на побарувачката не ја контролираме, јас се надевам дека секој е свесен дека во тие рамки се изјаснуваме за натамошен раст на инфлацијата бидејќи инфлацијата дефакто претставува глобална пореметеност на општата понуда и побарувачка во секое стопанство па и во стопанството на нашата Република.

Во овој пакет, во кој се нуди закон за ограничување на платите и пензиите, исто така, како еден од факторите на личните примања треба по прв пат да се изјасниме, особено по прв пат за наши услови, затоа што веќе неколку пати една ваква програма имаше нашата држава, учествувавме два-три пати во последнава деценија или повеќе и во реформите во бившата наша држава СФРЈ, меѓутоа сега имаме дефакто еден нов приод, или релативно нов, кој мислам дека треба да се прифати, а тоа е дека овие ограничувања прв пат се комбинирани со сегментот во кој не постои ограничување на некои економски категории, а пред се на цените. Програмата е јасна дека покрај ограничувањето на платите не се ограничуваат цените во РМ, како што се класичните реформи или програми што ги разгледувавме, меѓутоа, мислам дека оваа мерка треба да се поддржи токму заради тоа што либерализацијата на цените едновремено ќе влијае за зголемување на понудата во РМ. Иако, овој пат, можеби тоа ќе биде на штета на личната потрошувачка, меѓутоа, мислам дека зголемувањето по пат на ослободување на цените на целата понуда треба да се гледа и од аспект на овој закон.

Исто така мислам дека од аспект на овој закон треба да се охрабри и флуктуирачкиот девизен курс виза-ви мерката која можеби е сходна на ограничување на платите и ограничувања на курсот на денарот во однос на корпата на валути бидејќи флуктуирачкиот веројатно ќе влијае на охрабрување на извозот кој со себе ќе ја влече и понудата во РМ во нагорна линија со цел за балансиран

Се разбира дека овој закон има и недостатоци. Недостатоците постојат. Тие недостатоци го знае Владата, ги знае и мојата пратеничка група, а веројатно ги знае и позицијата со оглед на досегашните изнесувања и тие не треба да се кријат. Недостатоците на законот не

треба да се кријат. Доколку нема недостатоци тогаш ќе биде едноставно препотентно од страна на било кого што ја креира политиката во РМ да истапи со сознание дека овој закон сега ќе биде идеален. Според мене недостатокот во овој закон е во следново. Членовите на законот релативно добро го имаат врзано законот со програмираната инфлација во РМ за 1994 година, но мислам дека релативно пререстриктивно се врзани платите со евентуално различната дефакто инфлација која може да се јави во РМ во текот на спроведувањето на Програмата. Мислам дека тоа е основниот недостаток на законот, меѓутоа, исто така истакнувам дека не гледам поинакво решение во спроведувањето на рестриктивноста на личната потрошувачка во РМ и затоа тој закон како таков треба да се поддржи и со маната која ја има. Се разбира мана според моите согледувања.

Зошто мислам дека и со таквата недоследност треба да се поддржи законот? Затоа што во услови на инфлација,во услови на пореметување на стопанските текови во РМ, релативно висока инфлација, релативно пореметување на стопанските текови мора да создадеме цврсти основи како понатаму ќе се води економската политика, а никој не го спречува ова Собрание, никој не ја спречува на крај краишта ни Владата на Република Македонија во текот на спроведувањето на стабилизационата програма да понуди во овој сегмент доколку неколку индикатори во текот на спроведувањето во наредните месеци се поместат на номинално поинакво ниво, со тоа номинално поинакво ниво ја усогласи, до тоа ниво да се поремети номиналното ниво кој ќе ја нарушуваат целата програма, па и остварувањето на овој закон, Владата сосема одговорно и отворено понуди пред ова Собрание во текот на спроведувањето корекции на постојниот закон. Јас и тогаш ќе ги гласам тие корекции доколку бидат во

рамки на основната филозофија на стабилизационата програма на Владата. Мислам дека е несомнено точно дека оваа програма ако се спроведува 1994 година, нема да може да го из- држи сегашното ниво на нормирање и дека нема да има потребна корекција во самата програма. Мислам дека не треба само за економскиот дел да зборуваме, ние можеме за сите закони што ги носиме овде, вклучувајќи ги и другите закони и Уставот знаејќи дека во текот на спроведувањето некои закони доколку настане пореметување можеме да ги преработиме. Мислам дека таа ориентација исто така, треба да се донесе.

Зошто мислам дека е нужна поддршката на овој закон? Затоа што мислам дека од една ситуација на дебаланс во македонското стопанство кој се гледа пред се во намалувањето на општествениот производ и националниот доход преку спорото но сигурно зголемување на инфлацијата во РМ, преку зголемувањето на бројот на пензионерите кој повлекува јавни расходи во јавната сфера на РМ, а од друга страна зголемување номинално, меѓутоа, уште поважно реално ниво на платите, дисконтинуиран пораст на курсот на денарот на РМ итн. итн. Мислам дека е сосема сериозно од ваквиот дебаланс да се почне и со вакви закони, меѓутоа, не за да се оди во позиција на балансирање на состојбите во РМ со овие закони. Напротив, мислам дека овие закони, па и законот за платите и пензиите го гледам во насока на намалување на дебалансот кој се носи во РМ и како таков ќе го гласаме, свесен дека овој закон веројатно во рамките на целината нема да донесе урамнотежување во стопанството меѓутоа, сигурно ќе води кон помала нерамнотежа во РМ.

Мислам дека некои овде тоа многу погрешно го толкуваат, од страна на опозицијата и затоа јас ќе дадам ако сакате и еден пластичен пример за таа работа. Не може едно возило кое по удолница се движи со 100 километри на час да имаме желба веднаш да го вратиме назад. Првата мерка би било да се врати на 50 км. на саат, па втората мерка да се намали на нула, да застане возилото, па третата мерка да тргне назад возилото па да почне да се качува по планината. Доколку имаме таков приод и во економијата, мислам дека ќе биде приод кој на долг рок, мачен, тежок, меѓутоа, ќе може да донесе во РМ она што во пластичниот пример ќе значи качуваше нагоре.

Исто така, мислам дека не држи ни пред нашата јавност, па ни пред светската јавност критиката на Владата за нејзиното поврзување со ММФ, и од тука третирањето на овој закон како нешто што ММФ го наметнува, или ја уценува Владата затоа што мислам дека таквите критики досега се чуени. Јас прв пат ги слушав кога бев студент по програмата на Милка Планинц која одеше во насока да се кооперира со ММФ. Мене тогаш сосема ми беше јасно кое крило од тогашната СК го поддржува кооперирањето со ММФ, а кое не го поддржува. Не го поддржуваше она крило кое мислеше дека тогашна Југославија во меѓународната економска соработка треба да го направи тоа што го правеше Источниот блок, да се затвори во се, меѓутоа, сега и они прифатија кооперирање со меѓународните институции итн. На крај краишта, јас колку што знам и од опозицијата имаше една иницијатива за зачленување во ММФ, која ние ја поддржавме не се срамевме како позиција да кажеме дека како иницијатива е добра и ја поддржуваме и се зачленивме. Меѓутоа, не значи дека тоа зачленување ние на сите потези

ќе викаме дека ова не чини. Напротив мислам дека сега за тоа треба да сметаме. Убеден сум дека на долг рок сето тоа ќе се исплати.

Исто така, мислам дека Владата нудејќи го овој закон за лични доходи, од моите лични контакти и со премиерот и со министрите во Владата сосема ми е јасно дека не со драга волја го поднесуваат овој закон пред Собранието, знаејќи што тој закон ќе нуди на краток рок. Меѓутоа, мислам дека исто така Владата, па и Собранието во овој момент произнесувајќи се по овој закон ќе треба да се определува и по фактот дека едноставно не постои поинаква алтернатива во основа за РМ, па затоа сериозно размислувам дека и самата опозиција нема поинаква алтернатива на однесување доколку се доведе во позиција да ја креира и нуди политиката. Мислам дека сериозно ќе се соочи со фактот дека ќе нема друга алтернатива, иако оттука сосема поинаку се изнесуваат работите. Ова го тврдам и заради тоа што ние досега од опозицијата добивавме безброј закони, алтернативни на она што го нудеше Владата. На пример, закон за знаме, укинување на претплата, барање за информации, таму каде што се имаше алтернатива. Меѓутоа, кога се нема алтернатива тогаш не се нуди и затоа мислам дека опозицијата дефакто нема алтернатива.

На крајот, од целото ова образложение знаејќи дека овој закон иако не е вклучен во реформата , меѓутоа, може да се претвори во клучен за остварување на реформата и да добие одиум во јавноста на клучен закон во спроведувањето, можеби е претенциозно на реформата на оваа програма на Владата, но мислам дека Владата заслужува ова Собрание да и даде поддршка и да го охрабри овој несомнено храбар потег на Владата и да и дадеме поддршка за таквото однесување. Особено храбар, иако сум член на една парламентарна група и на едно пошироко

парламентарно мнозинство кое ја поддржува Владата во овој Парламент, мислам дека треба да се охрабри Владата и да и се даде почит, затоа што во година на избори настапува со несомнено рестриктивна политика во сферата на пензиите, во сферата на платите, во сферата на јавната потрошувачка што сигурно ќе и носи на таа Влада и оние кои ја поддржуваат лоши поени во предизборната трка, меѓутоа, токму заради нејзината свест што така се однесува во последната година од мандатот мислам дека треба уште поголема поддршка да и се даде.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници,

Мислам дека се наоѓаме во една прекретница, во една многу деликатна и сериозна ситуација, и ако оваа ситуација биде сфатена поинаку тогаш мислам дека сите^работни луѓе и граѓани во Република Македонија од нас иритирани ќе мислат сосема поинаку. Меѓутоа, јас верувам дека граѓанството не мисли така, како што некој овде мисли.

Прво, мислам дека не станува во никој случај збор за некој си државен тероризам, она што беше овде од оваа говорница кажано заради тоа што мислам сме пратеници и ако сме пратеници, навистина срамота е да се употребуваат такви зборови, а ММФ и другите, инстанци европски и светски, ништо друго не бараат од нас, туку нашето однесување и нашата смисла кон животот и економијата да ја прилагодиме и да ги направиме компатабилни за западниот свет треба да ги прифатиме тие норми со кои се доаѓа до оној живот кој живот го живеат тие. Сигурно не се малоумни тие што го бараат тоа. Ако било добро ние како систем сигурно немаше да го измениме. Ако било добро ние во 1964 година, тогаш кога ја утврдивме стопанската реформа немаше да мислиме така. Сигурно и сега сакајќи промена во начинот на живеењето пак сакаме назадување, она што било. Отмено да живееме и уште поотмено да пропаѓаме. Отменото живеење бара поголемо ангажирање од нас. Сигурно личниот доход и пензиите се личен интерес и нормално е да се расправаме овде што е тоа, не ми е познато меѓутоа уште кога се формиравме како партии рековме дека сакаме пазарно стопанисување, сакаме да не стане социјализмот, сакаме подобро живее а тоа значи треба еден ден да го пресечеме тоа. Ако овде некој прашува

зошто не беше предложено пред две-три години, господа пратеници, зарем сме деца, зареме не знаеме дека пред две години никој не сакаше со нас да зборува. Ние сега сме признати еве денес- ка пишува дека 20 европски држави не признале. Сега е времето, а тогаш никој не сакаше да зборува на таа тема. Не беа подготвени а и ние не бевме подготвени да прифатиме ниту тие беа подготвени да прифатат. Тие не знаеја дека ние постоиме како држава. Ние имав- ме огромна желба да постоиме, а добро е и да им се заблагодариме што доаѓаат, да им заблагодариме што ни нудат помош, но во исто време помошта значи и обврска на она што го предлага Владата.

Мислам дека нашите стопанственици во прв ред, тие што создаваат ново производство, ќе мора своите планови за работа и развој, своите секојдневни нормирања, калкулации, неделени, месечни, три- месечни, шестомесечни, годишни да го калкулираат она што ние денеска расправаме за овие неколку закони кои значат рестрикција на се. Ние мораме да се однесуваме така иако во глобала гледајќи го општествениот производ, и гледајќи го вкупното стопанство како едно стопанство, како една работна организација иако таму наоѓаме дека личниот доход не учествува со некој голем процент, не зборувам за нестопанството, некаде меѓу 7 и 9% некаде 10%, меѓутоа, некаде тие 7 до 10% не е мала ставка, тоа значи дека ние треба први да бидеме рестриктивни спрема нас, тоа значи намалување на нашата куповна моќ. Тоа значи помалку трошење, а тоа значи само поголемо производство, повеќе артикли на пазар, а поевтини артикли, поквалитетни и така ќе се дојде до поголеми плати, а категоријата личен доход да ја заборавиме, туку да дојдеме до поголеми плати и да дојдеме до поголем стандард. Ако не биде така, врз база на поголемо производство она што со години

викаме имаме само"голд даун", немаме општествен производ тој опаѓа долу. Опаѓа затоа што ние само земаме плати иако земаме толку плата, но куповната моќ реално стандардот ни се намалува, ние не можеме да бидеме свесни за тоа. Тоа е Меѓу- народниот фонд што го бара од нас. Ако земеш волку плата треба да имаш можност да купиш толку, а не земаш волку а купуваш толку. Не може така. Каде сме ние? Дали- имаме ум? Ете тоа е тоа што го бара светот од нас. ММФ го бара тоа од нас да се преструктуираме, тука да направиме реконструкција на мозговите. Ако за тоа не сме подготвени треба да се вратиме во некоја си Тунгузија дека ќе се затвориме сами во себе си и така ќе живееме. Тоа е неможно, ние мора да ги прифатиме овие мерки што ги подготвила нашата Влада што ние ќе ги прифатиме и така да делуваме след широките народни слоеви, затоа што ако не делуваме след нив така, тогаш е под голем знак прашалник остварувањето на оваа програма. Ќе дојде до пробивање на програмата. Ако дојде до пробиваше, доаѓаме до пробивање на општото живеење во нашата Република Македонија. Сигурно не сме за тоа и нашите работни луѓе и граѓани, нашиот народ треба да не сфати, треба да ја сфати оваа неминовна потреба на стегање на каиш. Стегањето на каиш ќе придонесе што побрзо да се одлепиме од сиромаштијата од бедата. Каде средства за јавна потрошувачка ако нема пораст на општествениот производ, а порастот на општествениот производ е условен со квалитет, квантитет, со цена на чинење со рок на испорака. Тие четири пет работи. Ако не се движиме во европските и светските стандарди на производство и живеење тогаш што бараме? Ако е тоа тоа, тогаш мора тоа да го прифатиме и за тоа давам полна поддршка на овој закон, знам дека и јас ќе земам помала плата, ќе имам помала купов- на моќ како и сите други, но да бидеме подготвени ова да го прифатиме и

да се заложиме сите така да постапат, а нашите работни организации да се борат што повеќе со помалку работници да дадат поголемо производство. Еве и јас сум од фабрика не може технолошки оваа машина бара технолошки пет работника, а работат 12. Со тоа не можеме веќе. Ние мораме да работиме за тие пет технолошки ако може и со четири ипол работника или со четири со поголема продуктивност на трудот по работник, поголеми заштеди и повеќе остаток и да учествуваме со поголем личен доход, со помала плата, оној дел што е за распределба да ни биде поголем во вкупната цена на чинењето на производството. Тогаш ќе имаме поголема јавна потрошувачка и ќе бидеме побогати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Абди беше 13 учесник во расправата, по овој предлог на закон, па бидејќи нема пријавени дискутанти, јас го заклучувам претресот, но еве за збор се јави господинот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

И јас се пријавив, меѓутоа, не сум забележан таму, не е битно сакав да укажам дека кратко ќе се изнесам по овој закон.

Мислам дека не сум пратеник од таква партија која бара маркетинг од оваа говорница да зборува и да си оди, да каже на граѓаните еве јас кажав што кажав, ја напуштам говорницата и ме нема по цел ден тука. Ќе настојувам да бидам целиот ден тука и да учествувам во расправата во интерес на она што сме го зацртале, така што во тој дел мислам дека апсолутно го апстрахирам.

Што се однесува до Законот, за мене иако законот не е популарен од секогаш и во секоја прилика вакви закони не биле популарен и за едната и за другата и за општествените дејности и за стопанството. Се разбира, бидејќи постои конфликт помеѓу овие две асоцијации односно

овие два субјекти од многу разноразни причини можеби и наследени работи, меѓутоа, сведоци сме дека сме принудени сега во било кој однос да имаме и еден ваков закон.

Причините кои се наведени во Предлог-законот, целите кои се наведени во Законот одат во прилог да го прифатиме комплетно така како што е даден. Мислам дека било апсурдно ако отстапиме од проекцијата која е внесена во самиот закон од одредбите кои се така поместени и кои се лоцирани на сите субјекти во самиот закон.

Ако направиме било која диференцијација, јас мислам дека ќе направиме една голема грешка, во спротивно ќе треба да го мини- раме законот, а ќе ја минираме и нашата определба врзана за стабилизационата програма која беше искажана од премиерот, а во меѓувреме вчера усвоивме низа проекти кои се во функција исто така на овој . закон и за мене лично овој закон е многу битен "сегмент и мислам дека е од корист на сите граѓани без разлика во која гранка се наоѓаат, не љубоморам ни на стопанството ни на општествените дејности заради тоа што прави едно урамнотежување при исплата на платите За мене, кога би избирал дали да направиме ред или да имаме хаос се определувам за ред. Овој закон прави таква работа токму заради тоа што ние како субјекти не до крај одговорно сме се однесувале во однос на исплатата на личните доходи и не случајно сега личните доходи односно платите биле исплатени за 25% во тековната година а производството опаднало за цели 14%.

Секоја цивилизирана и добро економски конституирана држава не би прифатила ваков сооднос на личните доходи по однос на наплатите во однос на самото производство. Ја сечеме гранката на која стоиме. Се залажуваме дека ако оставиме слободно формирање на платите, па ќе имаме посебни резултати. Јас тврдам дека со една таква динамика на

платите ние ќе му наштетиме на самото стопанство. Од таа причина,бидејќи законот е во функција на стабилизационата програма, законот ги стабилизира односите во однос на производството и потрошувачката личната и заедничката, мислам дека ние како пратеници треба да му дадеме целосна поддршка без да развиваме некаква демагогија заради тоа што јас лично ќе ви кажам едно оној што го правел овој закон пред себе имал крупни анализи за секоја одредба ја зафаќа одредена категорија на граѓани или одредени субјекти. Сега што го разгледуваме овој закон многу ни е полесно да правиме поместување од член 10 да направиме член 10-а, па ќе внесеме некоја одредба, а дали до крај аналитички сме изанализирале одреден проблем, тоа е прашање за себе и во таа смисла јас целосно му давам поддршка на овој закон заради тоа што навистина со него ќе обезбедиме стабилни односи и во производството и во исплатата на личните доходи.

Морам да кажам едно дека јас како претседател на Комисијата за труд и социјална политика, членовите на Комисијата исто така го разгледувавме овој закон многу студиозно, многу сериозно и ако ви кажам дека на овој закон потрошивме цели три ипол часа, тогаш верувајте во тоа. На крајот беше убедување дека сепак овој закон треба да се донесе токму заради тоа што социјалните фактори во Републиката, долго време се договараа и не можат да се договорат околу платите и со тоа што колективните договори, ако сте ги читале сите по гранки тие се над нивото и над можностите што ги дозволува самото производство. Така што секој колективен договор беше љубоморно правен во секоја сфера без да се усогласува со можностите на стопанството. Така што мислам дека и самите колективни договори дојдоа во позиција да не можат да се донесат.

Инаку, крајно му забележувам на Синдикатот што има сериозни забелешки на ова, бидејќи и Синдикатот и општествените дејности и стопанството се дел на синдикатот така што синдикатот треба да ги штити и редните и другите и мислам дека законот е токму во функција на некои, да не кажам, заложби на Синдикатот, но не да имаме загарантирана најниска и некоја највисока плата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека е добро кога по овој закон повеќе дискутанти се од позицијата што јасно говори дека и на ним не им се доволно јасни работите. Од друга страна сакам да укажам дека со таквото нивно учество во дискусијата јасно се гледа дека се врши опструкција на работата на Парламентот и доколку истите не би учествувале во расправата работите во овој Парламент ќе течат со многу побрзо темпо и ќе бидат донесени законите што сами ги предлагаат.

Се тврди дека е храбар потег на Владата она што го предлага во законите од аспект дека со тоа всушност се овозможува избор на победа на опозицијата. Ако постои некаде во светот таква влада некој да ми каже, со други зборови сакам да кажам дека од оваа говорница се дава некаква си демагогија дека законите што се предложени се во функција на претстојната изборна победа на опозицијата. Ако може некој во тоа да верува јас му честитам.

Понатаму, каде е нашиот став? Нашиот став по однос на програмата беше едноставно оневозможен да се искаже од проста причина што се направи една манипулација во однос имаме расправа,

немаме расправа, даваме информација односно целата програма е за информирање, се со цел што беше јасна да се спречи опозицијата да каже што сака. Меѓутоа, во овој Парламент благодарение на деловникот имаме одредени инструменти со кои може да се кажат мислењата и пред- лозите на опозицијата, а тоа се амандманите кои ние ги поднесуваме по бројните закони кои се пакет на стабилизационата програма. Со други зборови премиерот на Владата јасно искажа овде од оваа говорница дека нема да биде прифатен ни еден амандман по пакетот на законите со тоа што најави дека како се предложени законите така ќе бидат усвоени. Чиста демагогија беше вчерашното усвојување на амандманите на господинот Петров, едноставно тие амандмани по тој закон за буџетите немаат врска со пакетот на закони од стабилизационата програма и се стекна еден погрешен привид дека ете се уважуваат некакви си амандмани. Со други зборови по бројните закони ние имаме поднесено амандмани и истите ќе ги браниме, а тоа е нашиот пристап и нашата оценка дека со предложените закони навистина во голема мера, ако не и во целост се нарушува животниот стандард на населението со една демагошка изјава дека со тоа се обезбедува победа на опозицијата. Опозицијата не сака изборна победа на сметка на животниот стандард и на животот на нашиот народ. Ние во избори ќе одиме со свеста на македонскиот човек дека само опозицијата е таа што ветува подобра иднина, а стабилизационите програми секогаш биле огледало на социјаалистичките земји и во ниедна земја каде што владее капиталистички начин на производство и систем немаме стабилизациони програми. Тоа е една измислица во овој период и на крајот на краиштата така ќе одиме и во 199 4 година.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Сабриу, министер за труд и социјална политика.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа, мислам дека и по Предлогот на законот за исплата на плати и пензии во Македонија па денешнава седница на Парламентот имаше доста богата дискусија и мислам дека со право се дискутира и се укажува на некои размислувања кој како ги гледа работите во зависност од која позиција ги гледа.

Јас не би сакал да навлезам во политичките намери на укажувањата, туку би се задржал на некои работи кои навистина не притискаат и нас како Влада, а пошироко и Парламентот во целата македонска јавност и сите други за да се донесат едни вакви стабилизациони мерки, односно да успее програмата која вчера беше донесена односно дел од законите беа донесени, а еден дел од нив во наредните седници ќе бидат донесени.

Прво, да кажам дека воопшто не се работи за некакво ограничување на платите во Македонија. Тоа е квалитетна разлика. И самиот наслов на законот вели уредување односно закон за исплата на плати. Го регулира само начинот ан исплатата на платите нема никакво замрзнување на платите односно има еден извесен дел на ограничување на масата со индексација и мислам дека тука би требало да разликуваме кога се работи за замрзнување, а кога се работи за ограничување или начинот на исплатата на платите односно воведување ред на исплата на платите и пензиите во нашето стопанство или вон стопанството.

Точно е дека во првата варијанта овој закон произлегува од одговорите што ги имавме со ММФ и светската банка, но точно е и тоа дека таму имавме варијанти на замрзнување на плати односно одење во полоша состојба со намалување на платите и пензиите и дури тогаш

одење со една таква регулатива. Со нашите анализи и укажувања предлози и сугестии, убедувања успеавме да не се прифатат таквите ригорозни мерки кои беа изнесени од страна на монетарниот фонд и од страна на светската банка. Тоа е резултат на сите нас односно резултат на состојбите кои ги имаме во Република Македонија, бидејќи сме свесни дека во 199 3 година дојде до нарушување на односите во распределбата, во односите на исплата на платите за што имаше доста квалитетни дискусии кои воопшто не би сакал да ги повторувам.

Имаме драстично намалување на производството, а во овој период од годината имаме реално зголемување на платите и тоа гледано од најновите податоци со 27% реален пораст на платите што во ниту еден систем, ниту една економија, ниту една држава не може да издржи. Од тие причини бевме приморани и во овој сегмент на стабилизационата програма да нудиме такви решенија кои ќе бидат во корелција и кои ќе дадат заеднички позитивни резултати доколку се спроведат и доколку бидат донесени од страна на Парламентот и доколку бидат остварен и реализирани од оние на кои се однесуваат тие закони.

Точно е и тоа дека во текот на минатата година, таа состојба не е само за 1993 година, туку и порано имаме повисоки плати во нестопанството и неколку пати овој Парламент има расправано за тоа и има укажувано дека во наредните години треба да се инсистира па зголемување на платите во стопанството за сметка на нестопанството. Во законот има такви решенија кои се доста порестриктивни и се однесуваат на нестопанството отколку во стопанството по неколг основи. По првиот основ таму имаме 95% од основицата, овде имаме 92%, во стопанството имаме 1,5 индексни поени помал пораст од трошоците на живот тука имаме 2,5, исто така имаме и други решенија кои ќе придонесат по наша оценка платите во нестопанството во наредната година односно 1994 година да бележат побавна динамика отколку во

стопанството што е определба на целиот Парламент и на сите нас во Македонија.

Од тие причини мислам дека, јас не би сакал да се задржам и немам намера да се задржувам на амандмански однесувања, бидејќи за тоа ќе имаме процедура и постапка кои 1-и прифаќаме, кои не ги прифаќаме, меѓутоа, мислам и сакам да ги кажам овие начелни работи доколку биде донесен и овој закон како составен дела на стабилизационата програма наша оценка е на Владата дека ќе имаме поповолна состојба во сите области. Намерата на Владата и на државата не е да ги изостриме и влошиме состојбите во социјалата и стопанството туку да ги подобриме. Затоа правиме максимални напори во овој период не само ние самите туку сме приморани од ММФ да прифаќаме такви однесувања и да ги поддержуваме.

Од тие причини молам, јас не би сакал ниту да ги одбивам негативните укажувања кои беа или на сметка на тоа што го поддржува. го молам Парламентот да го изгласа и овој закон и да биде донесен бидејќи е во функција и е составен дел на стабилизационата програма со што мислиме дека ќе понудиме подобра иднина на сите граѓани на РМ и во овој сегмент.

(Со седницата продолжи  да раководи Стојан Андов)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Предлагам сега да одиме на пауза за ручек, а во 15,30 часот да продолжиме со работа.

Седницата прекина во 14,50 часот.

( По паузата)

Седницата продолжи во 16,10 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петре^в поднесе амандмани на член 1 став 1 и за бришење на ставот 2 член 2 став 1 и 2, член 4 став 1, член 5 став 1 и 2 , член 6 став 3 и 5, член 7, член 8 став 1 и 2, член 9, член 10, член 12 став 1 за додавање две нови алинеи 4 и 5 на алинеја- та 3 и на став 2 и 3, член 13, член 15 став 2 и 3 и за додавање нов член 15 а, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Иван Иванов поднесе амандмани на член 3 и член • по кои Владата не е произнесена.

Комисијата за стопанство поднесе амандмани на член 3 став 1 и 2 и на член 5 став 1 по кои Владаат не се произнела.

Пратеникот Томислав Стевковски поднесе амандмани за менување на член 3, за менување на член 5 и на член 7 за додавање нов став по кои Владата не е произнесена.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 12 став 1 за бришење на алинеја 3 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот. Владата на Република Македонија поднесе амандман на член1 став 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Никола Стојановски и Љупчо Поповски поднесоа амандман на член 6 за бришење на став 4 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 и за бришење на ставот 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Имајќи го предвид предлогот на господинот Петров на амандманот Владата во модифицирана форма го прифати. Ставот 1 не се . прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали господинот Петров го повлекува сега својот амандман?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас останувам сепак при амандманот во форма во која што е поднесен независно од судбината на усвојувањето, или не усвојувањето од страна на пратениците и независно од тоа што Владата го подобрила својот текст пред се за примената на одредбите од законот за правните лица во приватна сопственост. Што се однесува до членот 8 заради обезбедување неопходна основица утврдена со закон за пресметување на даноци и придонеси од плата која не може да биде пониска од 65% од просечната месечна нето плата по работник во стопанството на Републиката објавено во тековниот месец еднакво за сите правни лица независно од карактерот на сопственоста. Меѓутоа, предлогот на амандманот се однесува на правните лица и физичките лица регистрирани за вршење дејност кои се обврзници на данокот од добивката со истовремено предлагање на бришење на ставот 2 од членот 1. Дополнувањето во ставот 1 се врши заради усогласување на текстот на законот за исплата на платите и пензиите во Република Македонија со законот за данокот од добивка кој е во собраниска процедура на оваа 71 седница каде даночни обврзници покрај правните лица се прифати да бидат и физичките лица регистрирани за вршење на дејност. Ова од причина што и овие лица пресметувањето на платите ќе го вршат како и правните лица. Ставот 2 се предлага да се брише од предложениот закон за испата на платите и пензиите во Република Македонија од повеќе причини, пред се заради тоа што е во спротивност со членот 8 став 1 алинеја 6, со членот 30 ставовите 1 и 2 и со членот 55

став 2 од Уставот на Македонија. Имено, според членот 8 став 1 алинеја 6 од Уставот на Македонија цитирам "правната заштита на сопственоста претставува темелна вредност на Уставниот поредок на уставот на Македонија" Според членот 30 ставовите 1 и 2 од Уставот на Македонија цитирам "се гарантира правото на сопственост и сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата". И во членот став 2, од Уставот на Македонија цитирам: "Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот". Со предложениот став 2 од членот 1 на предлогот на законот правните субјекти се доведуваат во нееднаква правна положба на пазарот пред се заради карактерот на сопственоста. Спротивно на уставните определби дека државата ја гарантира сопственоста независно од нејзиниот карактер, дали станува збор за приватна, државна, или општествена. Ако државата ја гарантира сопственоста независно од нејзиниот карактер не- зависно дали станува збор за државна, приватна, општествена, задружна итн., недопуштиво е заради тоа што станува збор за правни лица како и средствата се во приватна сопственост да бидат ослободени од ограничувањата при исплатата на платите, пензиите и одделни надоместоци. Впрочем, се дерогира правниот систем, еднаквоста на правните субјекти и на пазарот и се овозможува изигрување и понатаму на позитивните законски прописи за наплата на даноците и другите придонеси пред се кај правните лица во приватна сопственост. Ние не треба да го заборавиме, би повторил уште еднаш ставот и на Владата во стабилизационата програма дека приходите за финансирање на јавните потреби, ерозијата на приходите за финансирање на јавните потреби е пред се резултат на масовната незаконска евазија која се манифестира првенствено кај обврзниците во приватниот сектор. Понатаму воопшто не е прифатлива ваквата

определба на Владата за одземање на правните лица во приватна сопственост како што е дадено во образложението на Предлогот на законот од причини што во услови на трансформација на општествената сопственост прашање е кој ќе се третира во општествена, мешовита или приватна сопственост, а во зависност постапката која што ќе се води пред агенцијата за приватизирање која што допрва треба да утврди дали лицата кои што извршиле трансформација според позитивните законки прописи на општествената во приватна сопственост е во согласност со одредбите на законот. Ако знаеме дека просечната месечна нето плата во стопанството по работник се формира пред се во општествените фирми кои сега се трансформираат, а приватните лица паричните примаша на вработените во сопствените фирми ги прилагодуваат во однос на тој државен просек, тогаш прашање е како ќе се обезбеди полнење и на државните фондови за вработување, здравственото осигурување и пензиско инвалидското осигурување кога најчесто посочувана категорија кој го одбегнува плаќањето на даноците и придонесите според сознанијата и на Владата се одвива пред се во приватниот сектор.

И друго, прашање е како врз основа на овој закон и врз кои критериуми ќе се определи основицата за плаќање на придонесите и даноците пред се кај правните лица во приватниот сектор. Имајќи во предвид дека во законот за данок на доход ја прифативме ориентацијата даночни обврзници да бидат и лицата во приватна сопственост, односно физичките лица кои што вршат регистрирана дејност. Сметам дека таквото согласување на оваа генерална определба треба да следи и во предложениот текст на законот. Од тие причини предлагам Собранието да го прифати амандманот со кој во членот 1 став 1 ќе се изврши дополнување со зборовите "со овој закон се уредува исплатата на нето плати, пензиите, како и одделни надоместоци кај правните лица и

физички лица регистрирани за вршење дејност со седиште во Република Македонија, а ставот 2 да се избрише.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (20 пратеници)

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 1 и за бришење на ставот 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18)

според тоа, констатирам дека собранието не го усвои амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 и 2 поднесен од пратениот Тодор ПЕТРОВ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам гласање. Кој е за, молам да крене рака? (14)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (20)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 3 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од патеникот Иван Иванов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

VIII/7.-

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, сакам да го образложам амандманот на член 3 кој што е дефиниран како член 3-а од моја страна. Меѓутоа , најпрво дозволете ми за едно појаснување во поглед на мојата дискусија и заложбите кои што беа кажани, па би се осврнал посебно" и на амандманот, а кое не посредно е врзано и со поднесувањето на амандманот. Прво сакам да искажам дека искажувањата во мојата дискусија претставуваат мои лични искажување по поедините искажани , истакнати прашања по поедините законски решенија вклучувајќи го тука и законот за платите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кажете за амандманот, затоа што начелната расправа заврши.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Исто така, сакам да укажам дека заложбите кои што ги прави. Владата за ограничувањето на јавната потрошувачка, мислам на целокупната потрошувачка заслужува внимание и дека тие како такви ги поддржува Исто така, сакам да укажам дека не се вкусни обидите било од која страна тие да бидат правени да се манипулира со мојата дискусија и да таа се поврзува со мојата партиска припадност, односно да се врзува со коалициониот тренутен договор помеѓу пратеничките групи околу формирањето на Владата. Сакам да кажам дека мојата партиска припадност е кристално чиста, но исто така чувствувам обврска да укажам на некои прашања од моето професионално ангажирање што мислам дека заслужува внимание врз база на стекнатото досегашно искуство. Тоа е се во контекстот на амандманот.

Што се однесува по конкретно до понуденото решение во амандманот сакам да укажам дека моите неслагања и поднесувањето на амандманот произлегува од следното. Најпрво укажувам дека

понудените решенија во законот не се -добри и тие базираат на одредени елементи кои што претставуваат затечена основа и како такви се трансформираат •во понатамошното реализирање, а со тоа тие со себе носат и низа неправичности и сето тоа нема да допринесе за остварување на саканите цели на Владата. Како што реков јас во принцип сум за ограничување на потрошувачката бидејќи таа потрошувачка има непосредно влијание за стабилизирање на економските текови на стопанството,а преку тоа и на државата. Во контекст на допринос на подобрувањето на решенијата во законот е и« поднесувањето на овој амандман кој има за цел да понуди едно решение кое што ќе допринесе за да се избегнат линеарните влијанија на решенијата кои што се содржани во самиот закон. Исто така, сакам да нагласам во принцип не сум за административно решавање на работите поготово со мерки од линеарна примена не упуштајќи се во базните состојби кои можат понатаму да имплицираат соодветни решенија Во контекст на подобрувањето на законот го понудив дополнението на законот како посебен член 3-а кој што во себе содржи следното: Со него се предлага да се овозможи стимулирање' на претпријатијата во остварување на поголемо производство, производство наменето пред се за извоз и остварување на поголеми ефекти. Што мислам дека има и ќе има непосреден допринос на поспешување на определбите и целите содржани во програмата за економска стабилизација. Предлагам претпријатијата кои во месец декември и наредните месеци ќе остварат поголемо производство, односно ќе остварат поголем извоз на стоки на странските пазари во однос со остварувањата во месец ноемвир, однос остварувањата во тековните месеци да имаат можност доколку имаат лик видни средства да го зголемат утврдениот основ за пресметката на платите во месец декември, односно во наредните месеци на 1994 година Лично сметам дека со прифаќањето на едно вакво решение ќе се даде можност на стопанството за едно креативно и максимално

VIII/9.-

ангажирање на искористување на расположливите потенцијали, а преку тоа и овозможува да се оствари поголем извоз, поголем прилив на девизи кои непосредно ќе имаат позитивно влијание на платно билансната позиција на Република Македонија, а преку тоа и непосреден директен допринос на целите и определбите во реализацијата на програмата за економска стабилизација, бидејќи ако ваквите модификации на понуденото решение не бидат вградени практично сите правни субјекти, во конкретниов случај сите претпријатија ќе бидат доведени во ситуација независно од остварениот резултат тие исплатата на личните доходи мораат да ја базираа на остварувањата август - септември и движењето на инфлацијата и тоа до пропишаното ниво. Од тие причини практично ќе нема никаква стимулативност за едно креативно и максимално ангажирање што е нужност за остварувањето ан целите зацртани во програмата за економска стабилизација. Од тие причини лично мислам дека со понуденото решение се неутрализира одредената линеарна зацртана, линеарни зацртани решенија за начинот на регулирањето на исплатата на платите во стопанството. Сметам со прифаќањето на овој амандман практично ќе дадеме и конкретен допринос на реализацијата на определбите и целите содржан во програмата за економска стабилизација. Уште еднаш да потенцирам, ова во концепт не го менува понуденото решение и нема штетни влијанија напротив допринесува за едно поголемо ангажирање на стопанските субјекти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (24)

**СТОЈАН АНДОВ:**

24 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 и 2 поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

И овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Ѓорѓиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Во функција на образложение на амандманот поднесен од Комисијата за стопанство, покрај тоа што имате добиено извештај јас би ги изнел само некои мотиви кои во самата расправа беа искажани, а не се ставени во извештајот на Комисијата за стопанство Во Комисијата за стопанство во однос на утврдуваше на основицата што ќе биде база за следење на порастот на личните доходи и следење со инфлацијата за наредниот период се заклучи сепак двата месеца да не бидат земени во делот на утврдувањето на таа основица како што е во Законот предложено август-септември, поради тоа што дел од исплатите посебно во претпријатијата во материјалното производство се утврдува на крајот од пресметковниот период односно кварталот за деветомесечието и одредени корекции се исплатуваат во делот за личните доходи за месец септември.

IX/2.-

Сметавме дека со овој предлог нема во основа многу да се наруши и определбата во делот на влијанието на оваа рестриктивност во делот на порастот на инфлацијата, од причина што вкуп- но остварениот просечен личен доход во август е 4.000 денари однос 4.079 денари а во септември 4.659 денари или само пораст од 4,8% а стопанството во тој исти период односно за месец август има исплатено 3.727 денари просечен личен доход а за месец септември 4.313 или пораст од 6,2%.

Во нестопанството во истиот период или во нестопанството е исплатен просечен личен доход за август оваа година 5.495 денари, додека во септември 6.054 денари или пораст само од 1,1%. Имајќи предвид дека сепак делот на контролата на платите треба своите ефекти да ги оствари во делот на вонстопанството, посебно во делот на јавниот сектор каде што државата има и поголемо влијание, сметавме дека ова пресметнување кога би било само за септември би било поповолно за одделни стопански субјекти во материјалното производство, и сигурно дека со ваквото решение ќе се овозможи одредени стопански субјекти на одреден начин да стартуваат барем во почетокот, со поповолна стартна позиција, а нема во многу да влијае на вкупната цел што треба да се постигне во делот на уредувањето на овие односи. Тоа беа основните мотиви од кои што на определен начин се раководеше Комисијата за стопанството да предложи на Владата да го прифати овој амандман, а едновремено нема да создава и забуна во самата реализација на контролата на платите, затоа што во Законот е предвидено тоа да биде просек август - септември и сигурно со одредени други просеци кои што треба да се остварат во делот, или други начини на пресметка, па на одреден начин и самата техника ќе се упрости во делот на спроведувањето на оваа одредба од Законот за платите.

IX/3.-

Има збор господинот министер за труд.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Должам едно кратко образложение - како прво е договорено со ММФ тоа да биде август - септември и второ мислам и ценам дека што е пократок периодот и еден месец е катастрофа за многу претпријатија и што е подолг периодот ќе биде порамноправен и порамномерен ќе биде товарот. Од тие причини не можеме да го прифатиме овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повторно се јавува господинот Ѓорѓиев.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ**

Образложението што беше изнесено не е доволно аргументирано бидејќи секогаш личниот доход што е исплатен во претходниот месец е понизок од наредниот месец, барем во наши услови што ги имаме, така да дали два месеци ќе се земат, сигурно дека влијанието на претходната исплата ќе влијае на просекот кој што ќе биде за тие два месеца. Сметам дека поволноста за стопан- ските субјекти не е во тој дел. Сметав дека нема да има големо влијание и во секој случај треба да се оди кон тоа, барем во стартот за одредени стопански субјекти од материјалното производство во делот на понудениот амандман, да се прифати само во тој дел а инаку нема да има големо влијание во вкупното извршување и реализација на законот што е предвиден во делот на контролата на платите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (28 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од Комисијата за стопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (20 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 5 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Амандманот не се прифаќа од Владата.

IX/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (21 гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 5 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 поднесен од Комисијата за стопанство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:** (од место)

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

20 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Збор бара господин Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, сакам накратко да го образложам поднесениот амандман на член 6 кој во основа се однесува на начинот на утврдувањето на нивото на пензиите. Лично мислам дека а тоа ми беше и мотивот дека значаен дел од пензионерите потекнуваат од стопанството и во тој дел сосема природно е начинот на регулирањето на исплатите на платите и на пензиите треба да ја следи истата судбина. Од друга страна поаѓајќи од самиот хуман момент дека висината на пензиите на значаен дел на пензионерите е на ниско ниво и тоа се граничи со материјалната егзистенција. Ваквото натамошно поспоро растење на пензиите во однос на растот на инфлацијата и животните трошоци, уште повеќе би ја довело во прашање животната и материјална егзистенција на оваа категорија граѓани.

Со решението практично во делот на мојот амандман се предлага наместо пензиите да растат со забавен процент од 2,5% тие да растат односно порастот да биде со забавување само од 1,5% во однос на инфлацијата. Ова не го предлагам од причина да правиме пропаганда и да собираме поени кај категоријата пензионери напротив мислам дека од самиот елемент како што реков дека значаен дел од нив својот животен век го поминале во стопанството, нормално е тие да ја следат и судбината на стопанството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е аз молам да крене рака? (21 гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 3 и 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот да земе збор.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа амандманот како и претходните амандмани од господинот Тодор Петров што се однесуваат на членување на зборовите дали е тоа член или членот или е став или ставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (13 гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 3 и 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за бришење на став 4 поднесен од пратеникот Никола Стојановски и Љубомир Поповски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

И овој амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на став 4 на член 6 поднесен од пратениците Никола Стојановски и Љубомир Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Има збор претставникот на Владата.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Овој амандман Владата го прифати.

IX/9.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додаваше нов став поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Има збор претставникот на Владата.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Еве господинот Стефковски се јавува од место и вели дека го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Има збор претставникот на Владата.

**ИЛЈАЗ САБРИУ;:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Има збор претставникот на Владата.

IX/10.-

Исто така и овие амандмани се од јазична природа и не ги прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака? (4 гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го прифаќа амандманот на член 9 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Има збор претставникот на Владата.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Се работи за амандман од јазична природа и не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 гласа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

IX/11.-

Отворам претрес на член 12 став 1 за додавање на две нови алинеи 4,5 на алинеја 3 и на став 2 и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

И овој амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 12 став 1 за додавање две нови алинеи 4 и 5 на алинеја 3 и ан став 2 и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 13 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАС САБРИУ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за , молам да крене рака.

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 2 и 3 под- несен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

И овој амандман се однесува на членување на зборот. Затоа и не го прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, разбирлив е нерет само во знак на протест на говорот на политичкиот противник или на заклучокот овде, но неред заради

недоволно интерес за тоа што се случува со седницата не е сфатлив и Ве молам, обрнете внимание, закон донесуваме. Кој сака да си разговара, нека си излезе надвор да разговара, слободно е.

Продолжуваме.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 став 2 и 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 15-а поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАС САБРИУ:**

И овој амандман не го прифаќаме, а се однесува на престанување на Законот кој престанал да важи пред една година.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Не знам на кој начин ги читаат законите во Министерството, меѓутоа тој закон за кој кажа министерот дека престана, не престана, се уште важи. Тоа е законот за исплата на плати и други надоместоци I дивиденди во Републиката. Последното изменување е направено во "Службен весник " број 59/92, се укинаа сите одредби кои се однесуваа за исплатата на платите, меѓутоа, останаа одредбите за исплатата на дивидендите во законот и токму заради тоа, бидејќи такви одредби за исплата на дивиденди има и во овој предложен закон, сметам дека

Министерството односно министерот би требало да поразмисли уште еднаш и да го прифати амандманот кој гласи: "Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат Законот за исплата на платите и другите надоместоци дивиденди во Републиката ("Службен весник на Република Македонија" број 26/92, 46/92 и 59/92) и прописите донесени врз основ ана овој закон". Ако не го прифатите овој член, законот за исплата на плати и други надоместоци дивиденди во Републиката, што е донесен 1992 година, и понатаму ќе остане да важи.

**ИЛЈАС САБРИУ:**

Овој закон што господинот Тодор Петров го цитира тоа е законот за исплата на дивиденди и плати во натура. Тој закон е отфрлен, меѓутоа законот за кој додава амандман престанал да важи пред една година, а тоа може да се види во неговата документација и да се расчисти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање на нов член 15-а, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

X/4.-

45 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

16 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

7 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за исплата на платите и пензиите во Република Македонија.

Господинот Тодор Петров има процедурална забелешка.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За да не дојдеме во иста ситуација како со вчерашното гласање по Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги, барам министерот по барање од претседателот од оваа говорница да го дефинира амандманот на член 1, затоа што пратениците во писмена форма не го добија и го немаат пред себе си на пратеничките групи, така што при редактирањето на текстот што треба да се објавува треба да се има предвид. Тоа министерот го кажа дека е прифатено едно друго решение за членот 1 во смисла на дел од амандманот на членот 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров, меѓутоа, во писмена форма тоа го немаме и тоа во сценариото на седницата не е внесено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е поделено на пратениците, а нека го прочита министерот за секој случај. Дали мислел на тоа што го подели Владата? Ако е тоа, кажете дека е тоа.

**ИЛЈАС САБРИУ:**

Амандманот е поделен, како што кажа и претседателот но да го прочитам. Амандманот на Владата би гласел:

X/5.-

"Во членот 1, став 2, по зборовите "закон" се став , и се додаваат зборовите "освен на членот 8", повторно запирка и продолжува текстот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тој дел од овој амандман што беше доставен од Владата јас во сценариото го прочитав и тоа е влезено во документацијата

Преминуваме на **деветтата точка** - Предлог на закон за изменување на Законот за вработувањето.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам , кој бара збор?

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Овој закон сметам дека е непотребно да се донесе тоа е спротивно на Уставот, член 1 и е спротивно на нашиот систем за поголем сигурност на невработените на кои им престана работниот однос поради ликвидација или стечај. Општо познато е дека имаме голем број на невработени, претпријатија во стечај или ликвидација. Наспроти потребата за поголема заштита на овие работници, со овој закон се оди во директно намалување на онаа симболична материјална заштита на невработените. Наспроти тоа, имаме Предлог на одлука да се зголеми придонесот за невработените. Исто така, имаме поголеми материјали издвојувања за заштита на овие вработени. Потоа, имаме револтирани митинзи, стечајни работници кои се групираат и демонстрираат , се организираат во разни асоцијации и протестираат. Наспроти ова ние само математички со овој закон ги намалуваме роковите за минималната парична заштита за време на невработувањето.

Исто така, Комшилака за труд и социјална политика наместо да предлага мерки за поголема заштита на невработените, таа зазема сосема спротивен став и дури дава извештај пред нас пратениците дека и овие скратени права на симболична материјална заштита се многу високи и не треба да се донесе овој закон. Јас сметам дека не треба да се донесе овој закон, бидејќи треба да се изнајдат разни средства од одредени резерви и со нови критериуми од Заводот за вработување на Македонија кога настане невработување, да оди одредена селективност зависно од материјалната состојба на невработениот. Инаку, вака едно се декларираме за поголема заштита, а преку нормативната дејност му ги скратуваме овие права, а не даваме економска оценка колку е ова заштеда, а колку е претрпена штета.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, исто така и јас сум против донесување на еден ваков закон затоа што рестриктивноста со овој Предлог на закон се сведува на намалување на правата на одредена категорија претходно вработени лица, кои по основ на стечај, ликвидација или други околности останале без работа односно се невработени. Мислам дека намалувањето на времетраењето на надоместокот што би требало да го исплаќа Заводот аз вработување не е во функција и на уставно декалрираната определба за македонската држава, а тоа е дека е и социјална и ме чуди еден ваков рестриктивен закон во оваа област кој се однесува на невработените по основ на стечај и други услови за невработеност што потекнува токму од партии кои во своите имиња го содржат зборот социјала на некој начин, дали Социјал демократскиот сојуз, Социјалистичката партија и т.н. Мислам дека неприемрно е да се намалуваат правата на овие невработени лица затоа што знаеме дека

конкретно македонската држава се наоѓа во една рецесија така би нарекол , односно дека условите за повторно вработување не верувам дека оваа Влада ќе успее да ги создаде и на овие лица односно и на оние 180 илјади невработени кои ги има во Република Македонија. Затоа, во тој контекст јас и поднесов некои амандмани кои се однесуваат токму на два член од овој закон кои се предмет на Предлогот на законот за изменување/ што го предлага Владата, а тоа се однесува на оној паричен надоместок најдолго се прима 30 месеци, Владата го намалува на 24 месеци, а јас предлагам 1 година да биде повеќе однос 3 години, затоа што верувам дека за 3 години во услови кога ќе дојдат нови избори некој нов политички субјект, сигурно тука ја сметам и нашата партија дека на некој начин ќе обезбеди нови вработувања со сопствени идеи и затоа мислам дека овој закон не би требало да го донесе овој закон, а во контекст на тоа и претходникот што кажа, имаме Предлог на одлука која е како точка 14 на дневниот ред на Собранието каде што одредена група пратеници бараат стапката на придонесот за вработување да се зголеми и да изнесува 1,5%. Јас мислам дека ние ги сме вработени, би кажал тука, сите вработени би требало на некој на* да бидеме солидарни односно оваа стапка би можела да оди и до 2%, затоа што солидарноста на македонскиот народ никогаш не му недостасувала. Денес имав можност да се запознам со едно, така би рекол, залагање на вработените од "Кристал"-Кратово, ми се чини, овој процент да изнесува 2% и сите вработени во Република Македонија, како би им помогнале на невработените. Меѓутоа, мислам дека тука и држава односно Владата на Република Македонија, без разлика по кој основ, би требало да изнајде средства и во ова време на преживување, за тоа што сите се согласуваме дека ова е време на преживување, би требало и овие лица кои се невработени по разни основи на некој начин да има еден минимум

на егзистенција. Да повторам, овој закон за мене е неприфатлив и ќе гласам против него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Владимир Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас исто така сметам дека овој закон не треба да се донесе. Поаѓам од проста претпоставка, знаејќи ја состојбата на Куманово. Ќе зборувам за мојата општина, каде што сте- чајот погоди голем број работници, една голема работна организација "ЧИК" и вчера и завчера се одржаа протесни собири на овие работници. Знам дека нив веројатно овој закон нема да ги погоди, бидејќи имаат век' стекнато право, меѓутоа, по Уставот оние следни кои ќе ги за- фати стечајот, а тоа може да се случи набрзо со "Киро Фетак"- фабрика за трикотажа и други работни организации, веднаш ќе бидат во нерамно- правна положба со овие што го имаат веќе стекнато правото, кое и онака по законот за стечај не се спроведува баш како што треба. Ако и во пензиското и здравственото осигурување направиме вакви рестриктивни мерки, тие и вака не добиваат зелени картони за добивање здравствена заштита, оној атрибут социјална држава и Уставот што нуди рамноправност нема да биде запазен.

Затоа, ќе гласам против овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Х/9.-

Пратеникот Стоиле Стојков поднесе амандмани на член 1 и член 2 за менување на став 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАС САБРИУ:**

Пред да го кажам мислењето на Владата по овој амандман, би сакал да кажам два три збора во врска со овие дискусии досега. Не се работи за никакво укинуваше на стечајните права на невработените и на стечајните работници. Значи, тие 180 илјади невработени од кои 30 и неколку илјади користат такви права и имаат решенија не се опфатени со овој закон , ниту стечајните работници, 13 илјади колку ги имаме денес во Македонија. Ова е право од сега натаму. Значи, во 1994 година тие кои ќе се пријавуваат за вакво право ќе паднат под удар на овој закон.

Второ, овој закон е да кажам изнуден и договорен со ММФ во пакетот за стабилизација, бидејќи и тука имавме доста проблеми со оглед дека бевме веројатно единствена држава во светот која има такво проширено право за 30 односно 36 месеци да користи материјално обезбедување. Праксата во светот е од 6 месеци до 12 месеци. Ние инсистиравме и е прифатено тоа да биде 12 месеци.

Имајќи ги предвид материјалните можности на Републиката содржани во оваа стабилизациона програма, а вчера Собранието го донесе Буџетот и го прифативме, таму се билансирани сите овие права на невработените на стечајните работници и мислам дека нема потреба да создаваме некаква нервоза дека кој знае што ќе се случи со оваа категорија на невработени сега. Сите тие што не ќе можат после 24 месеци не ќе можат да го користат ова право ќе се пријавуваат во

X/10.-

Центри за социјална работа каде се води социјална политика. Заводите за вработување, за пензиско и инвалидско осигурување и другите фондови не може да водат социјална политика. Социјална политика води државата, Република Македонија. Од тие причини вчера имавме доста да кажам задоволителни стапки во буџетот за тие програми и мислиме дека во наредниот период тие граѓани кои ќе имаат потреба за социјална сигурност, тоа ќе им биде обезбедено преку социјалните програми кои Владата ги има усвоено и веќе се доставени до ММФ.

Да не зборувам поопширно за овие работи, само да кажам во врска со амандманот дека владата не го прифаќа овој амандман поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Токму и за тоа се работи затоа што мислам дека овие до- сега вработени што биле со оваа организациона програма, сигурен сум дека голем број од нив ќе бидат погодени, односно ќе бидат стечајни работници, работници под ликвидација итн. Мислам дека тие луѓе, кај голем број од нив кога ќе се каже дека ќе бидат социјален случај тоа го доживуваат на еден недобар начин. Зошто го велам ова. За- тоа што имате таму луѓе кои работеле и по 20 и повеќе години и сега по ќефот на некого или по силата на приликите останале без работа. Затоа велам и предлагам со амандманот да се прошири тоа нивно право на три години. Три години да имаат право да добиваат надоместок од Заводот за вработување, предложив на тој начин, како би требало да се приберат средства затоа што имаме и одлука овде да^ се донесе. Меѓутоа во овој амандман исто така предлагам, во истиот член зборот "ЈНА" да се замени со "АРМ". Јас знам ова ЈНА постоеше, меѓу- тоа повеќе од две и повеќе години не постои. Тоа е во ставот 6 од членот 23 од Законот се уште стои зборот ЈНА. Тоа е вториот дел од амандманот.

Мислам право е на Владата односно така заклучија правата на овие граѓани, односно досега вработени да им се намали на две години, јас предлагам тоа право да го имаат три години.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за труд и социјална политика, господинот Сабриу.

XI/2.-

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Прво ова последното што го кажа пратеникот Стоиле Стојков, овој текст е од одредбите кои се менуваат. Значи тоа е стар закон и затоа таму мора да стои ЈНА, не може во тој закон да стои Армија на Македонија. Инаку во новиот закон тоа не се така кажува.

Во врска со ставот тие»' работници кои одат под стечај а им престанува работниот однос, а имаат стаж над 25 години, они имаат право да користат таква помош, материјално обезбедување до нивно превработување, односно до нивно пензионирање. Тој став не се менува. Така да тука да немаме некоја заблуда.

Вие ги читате одредбите од стариот закон кои се менуваат денеска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (26 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Амандманот на пратеникот Стоиле Стојков не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (25 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Стоиле Стојков.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (46 пратеници).

Дали има некој против? (18 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (7 пратеници).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за вработување.

Минуваме на **точка 10** - Предлог на закон за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство. Се додека Република Македонија не направи стратегија за развој на земјоделското производство ваквите законски проекти што ни се нудат практично ќе имаат само интервентен карактер и нема долгорочно да го решат

проблемот со земјоделското производство. Ова уште повеќе ми личи како да ние сакаме да му фрлиме пепел во очите на оние кои од нас многу очекуваа, особено оној момент кога најгромогласно се залагавме во нашите предизборни активности дека ќе обезбедиме развој на овој вид на земјоделие. За жал испаднавме недоследни ветувачи и често се прашувам дали оваа Влада се знае да направи една таква стратегија или не сака. Меѓутоа се повеќе ми личи дека не сака, затоа што ако не знае, нема да знаеше никако повеќе да ги оданочи оние даночни обврзници како што се земјоделските производители. Всушност и виновиот текст на стабилизационата програма и другите^проекти се гледа дека баш тие ќе го сносат најголемиот товар.

Да ве потсетам господа пратеници, луѓето што се занимаваат со оваа дејност не се баш малку туку тие се најмногубројни.

Се прашувам и друго, дали ние како пратеници и министри ќе учествуваме во активности каде ќе вршиме реализација на пласманот на оние земјоделски производи кои не се наши, а за жал не се наши и парите. Пред се тука мислам наместо да го забраниме увозот на јужното овошје и бананите, за жал и понатаму тие се се поприсутни на нашите пазари.

Меѓутоа, она што за мене загрижува во овој понуден текст на закон е тоа зошто Владата односно ресорното министерство не најде за сходно и јаболкото и гроздовото производство ги стави во редот на, така да речам барем според овој закон повластени земјоделски производи, а да потсетам дека не мал дел од населението се занимава со овој вид на земјоделско производство, почнувајќи од преспанскиот, охридскиот, струшкиот базен , па и Полошката котлина. И колку тоа да изгледа маркетиншки, меѓутоа, сепак, уште еднаш апелирам на тоа дека не мал дел на средства се инвестирани точно во овие земјоделски култури како

што се овошните градини и гроздовото земјоделско производство. Според тоа не така лесно можеме да го запоставиме овој вид на земјоделско производство и да не отвориме простор за развој на истото.

Освен тоа сакам да истакнам и тоа дека продукцијата на овој вид земјоделско производство,, посебно климатските и почвените услови се така поволни да отвора простор навистина за развој на овој вид производство. Што значи Македонија сепак има компаративна предност за производство на овој вид земјоделско производство.

Понатаму, мислам дека овој вид на земјоделско производство, барем со овој капацитет со кој располага Република Македонија може да и донесе доста девизи наместо да има одлив на девизи.

Се прашувам дали ваквите законски проекти ќе заборават и на индустриските капацитети за преработка точно на овој вид на земјоделско производство, како што е конкретно она за што ја се залагам за јаболкото, затоа што да ве потсетам, точно производителите на јаболка од минатогодишната реколта, она што беше пласирано како индустриско јаболко се уште не го имаат земено. Ова не го зборувам од причини што сакам да зборувам само за пласман на индустриското јаболко. Ова го зборувам од причини што мислам дека и она јаболко што е за пресна консумација, за жал не е реализирано уште. Меѓутоа ние како производители не бараме практично Владата да овозможи пласман на овој вид јаболко, туку да отвори простор да може да има реализација на овој вид земјоделско производство, како што е јаболкото.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господо пратеници. Со промената на овој закон и така до денес беше изигрувано земјоделското производство, односно целокупниот аграр во нашата Република,

а со донесувањето на овој закон, како што се гледа и во стабилизационата програма изгледа пак ќе бидат на полоша основа изиграни, така да досега што беше она обезбедувано со премиите и друго ќе бидат изгирани, затоа што средства се обезбедуваат не од примарна емисија која е укината, туку со средствата од Буџетот. Тие средства што се предвидени во Буџетот 1,8, ни се чини тоа е околу 2,5 мили- јарди денари, тие предвидени во оваа година, а со инфлацијата кај нас тоа нема да доспее до крајот на годината за исплаќаше ништо, ќе биде сведена на нула, а пред тоа уште погрозна е ситуацијата што овие средства издвоени за премии и регреси ако се исплати оној долг што се има према земјоделците, а има долг од 1992 година. Тоа значи овие средства што се предвидени ако се валоризираат само нема да стигнат за исплата на долгот од 1992 година. Еве на пример, минатата година Владата одлучи и на ова Собрание беше потврдена оваа одлука со која требаше да се исплати премија 50% од откупната цена на шеќерната репа. Тоа после се коригира на 30%, а на крај не се исплати ни 0%. Значи она 30% ветувано ни до ден денес не е исплатено, а ако тоа се пресмета на минатогодишната откупена цена што ќе мора да го исплати било државата 30% или фабриката за шеќер, тоа значи дека нема повеќе со лага да се оди. Индивидуалните произво- дители ја тужеа шеќераната и на судот веќе добија спорови. Така да со валоризирана 30% се исплатува и трошоци и затезни камати сега. Видете каква грешка направи Владата што тие средства од 30% не ги исплати минатата година. Има 3 илјади тужби поднесено само од индивидуалните производители, а веќе има реализирано тужби со ова што ви реков. Немојте со вакви работи да ги залажуваме производителите.

Исто така со исфрлувањето на пченката, да не кажам и оризот. Прво за пченката. Вие сега велите дека треба да се увезе сточна храна поради недостиг. Се прашувам зошто ние сега да увезувам сточна храна

кога имаме површини за производство на сточна храна. Зошто не употребуваме сега средства да имаме домашно производство. Утре нашата држава ќе биде уценувана и со едно мало политичко неусогласување нема да се испорачаат такви прехранбени производи, а сточарството на тој начин го доведуваме во загуба.

Исто така, се прават такви работи и со производството на други култури. Не можеме а да не кажеме дека, јас не знам зошто не го поддржуваат, а сметам дека ќе го поддржуваат и пратениците дека не можеме ние да:се оградиме само на неколку заштитни производи, а не го прошируваме тоа како што е на пченката, оризот и маслодајната репа. Видов тука за маслодајната репа се коригира Владата. Меѓутоа пратениците ќе треба да го поддржат предлогот да стане стратегиска култура и оризот и пченката:, така да мораме ние на некој начин да го штитиме нашето земјоделско производство.

Кога сум туак би рекол еве на каков начин се дојде односно ќе се дојде до затварање на фабриката за шеќер. Јас и на претходната седница изнесов, можеби намерно се прави така да се затвори таа фабрика за шеќер, за да можат моќниците да тргуваат, односно да увезуваат од странство 100 тона во еден ден шеќер и не со ист квалитет каков што е нашиот, а да се конкурира на нашата фабрика. Ние велиме дека ќе го штитиме нашето производство а не го штитиме. Што утре ќе направат тие моќници. Јас ја знам нивната намера. Сега ќе биде малку поевтино дури да се затвори фабриката за шеќер, а утре ќе немаме шеќер па тој шеќер иако не квалитетен цената ќе му скокне повисоко од производната цена на нашиот шеќер. Затоа ќе треба тука внимателно да се работи. Фабриката може да задоволи 80% за потребите на нашата држава. Меѓутоа, овде не се сака иако има услови има површини и има и коперанти има и индивидуален и општествен сектор, меѓутоа овде се наложува да се постигне другата цел, да се затворат тие. Што мислите

вие утре пак со мала политичка несогласност дали ќе ни испорачаат тие шеќер. Ќе не уценуваат, ќе ни речат земете ги и овие колците за лозја ако сакате ќе ви дадеме, ако не нема, како што знаат тоа да го направат. Затоа ние треба да тргнеме по патот на Европа како што направи Франција, прво ги штити своите земјоделски производи, па после оди на ^воз. Ние требаше да им дозволиме на тие да увезат само во недостиг на наш шеќер и тоа да е извршена добра контрола како на квалитетот, така и на увезените количини преку царината и другите давачки на државата. Тогаш ќе видиме дали тој шеќер ќе можеше да се продава по таа цена.

Затоа ве молам ако мислиме да имаме ние земјоделско производство и аграр, треба прво и прво тука да финансираме и само тогаш можеме да бидеме независна, барем кога ќе ги имаме прехранбените земјоделски продукти, тогаш ќе можеме да се носиме со другите проблеми, а вака секаде ќе бидеме потценувани и не ќе можеме да ја извлечеме нашата држава од ваквата криза која, ете, на овој начин, од не водење на контрола, на домаќинско стопанисување е доведена до овој степен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Изгледа од Законот за поттикнување на земјоделството со мерките кои што дополнително ги предлага во овој пакет на стабилизационата програма ќе остане само насловот без било какви позитивни ефекти од некакво законско регулирање на односите во сферата на поттикнување на развојот на земјоделството. Верувам дека во рамките на стабилизационата програма Владата ќе понуди развојна програма за унапредување и развој на земјоделството или аграрна стратегија, меѓутоа, наместо тоа во отсуство на таква генерална стратегија за развојот на аграрот Владата нуди поголеми рестрикции и во однос на она што беше предмет на расправа во времето кога го донесувавме Законот за поттикнување и развој на земјоделството.

Иако Македонија е аграрна држава наместо сите сили да ги насочиме во развојот на земјоделството, поттикнувањето на развојот на земјоделството и производството на храна за мене е нерпифатливо нудењето поголемо ограничување и од постоечкото. Пред се неприфатлива е определбата во членот 2 од Предлогот на законот за изменување на законот за поттикнуваше на развојот на земјоделството со кое правото за видот на производите и висината на регресот од точките 1 и 2 на овој член ги утврдува Владата на Република Македонија, наместо тоа да биде предмет на законска материја како што беше и досега.

Имено, со членот 4 од постоечкиот закон за поттикнување на развојот на земјоделството беа децидно наведени дел од каматата на кредитите кои се користат за определени намени во земјоделството за кои се обезбедуваат регреси и тоа со членот исто така 5 беше утврдена висината на регресите. За мене е неприфатлива формулацијата на овој предлог на закон со кој до овластува за дефинирање видот на производите и висината на регресите да се префрлат во рамките на Владата. Заради тоа предлагам Собранието да не го прифати предложениот текст на законот за поттикнување и развој на земјоделството.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Јас во принцип го поддржувам донесувањето на овој закон кој што претставува практично дополнуваше на основниот закон. Моето видување е дека со дополнувањето на овој закон се врши рестрикција на правата кои што беа зацртан е во поранешниот закон односно се врши една додатна селекција на земјоделските култури кои што ќе бидат стимулирани, односно, ќе паднат под третман на овој закон. Можеби во услови на една нова кредитно - монетарно рестриктивна политика може да се очекува дека ваква мерка е нужна, меѓутоа, не знам Владата дали ќе има аргументи за да правилно изоцени која е таа култура која највеќе и е потребна на РМ и на таа култура да се определи. Од тие причини лично мислам дека кога Владата се определила за донесување на еден ваков закон морала да води грижа за сите значајни култури кои што се потребни или карактеристични за поднебјето на РМ. Дотолку неправдата или нелогичноста на законот доаѓа до израз што само две земјоделски култури од поранешните се санкционираат во однос на првобитното

решение, меѓу кои спаѓа и оризовата арпа, која што се одгледува на подрачјето на 5 општини, која е непосредно лоцирана на источниот дел на Македонија и со право се поставува прашањето дали со бришењето на оваа земјоделска култура не се врши на некој начин регионално влијание на оние што се предлагачи на овој закон.

Од друга страна ваквото размислување држи дотолку што на подрачјето на водостопанскиот систем Брегалница се инвестирани огромни средства кои средства се вложени со намера за оризо - производството. Од друга странаваквите вложувања на овие подрачја што се инвестирани во последните 20-тина година на некој начин имаат и директно влијание на критериумите, а тоа е на законот за кој додатно треба да расправаме во поглед на изоценувањето на степенот на развиеноста на поедини општини, што значи дека сето ова на некој начин предизвикува низа неповолности на овие подрачја.

Од друга страна оризо - производството како една интересна земјоделска гранка, односно култура, област од земјоделието бара една висока агротехника која агротехника на некој начин ствара високи трошоци на производство. Во услови на немање неможности за слободен пласман на овие производи нормално се доведува под прашање што со економскиот рентабилитет на ваквите култури. Од тие причини сите елементи идат во прилог на тоа дека во корпата на производите што ќе бидат како една крајна преокупација на Владата односно на државата, треба да биде вклучена и оризовата арпа.

Исто така, јас се залагам паралелно со донесување на овој закон да има утврдување на една цврста политика на развојот на земјоделието. Не може секоја година да се врши промена на веќе утврдена политика, особено давање право на Владата, атхок да интервенира кои ќе бидат тие култури што ќе бидат под третманот на заштитата. Владата сигурно има свои ингеренции, меѓутоа, сигурно таа треба да делува во рамките на утврдената политика. Од тие причини јас исто така се залагам за едно по- трајно решение, решение кое што ќе му гарантира на земјоделскиот производувач една сигурност, за она што ќе инвестира, или за она што ќе се определи како едно трајно производство.

Ова дотолку повеќе е потребно, што некои подрачја на некој начин веќе се доведени во ситуација да имаат само такво производство со изградбата на инфраструктурата со вложените средства, со погодноста на самата почва. Од тие причини се залагам овој закон да го усвоиме како едно преодно решение , меѓутоа, делот на рестрикцијата што е извршен на поедини земјоделски култури во споредба на првобитното решение да го најдат местото и во овој закон. Тоа нешто е понудено и во делот на поднесените амандман и молам Владата сето тоа да го респектира.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, и овој закон е еден од пакетот на мерките од стабилизационата програма и поради тоа и Комисијата за земјоделие и шумарство предложи да биде донесен и има потреба од негово донесување. Меѓутоа, треба да се објаснат некои работи што тука беа истакнати од некои пратеници.

Прво, дури и премиерот во своето излагање истакна дека во областа на аграрот, во буџетот обезбедени се средства 1,8 од општествениот производ , што за разлика од буџетот во 1993 година беше 1,2 од општествениот производ. Тоа значи дека за овој закон не би можело да се рече дека е толку рестриктивен, КОЛКЈ што се рестриктивни законите во другите области. Сега во областа на земјоделието не се оди со една таква рестриктивност, како што се оди со една поголема рестриктивност во другите области. Тоа се однесува исто така и за овој предлог на закон.

Прво, овде што се кажа , во однос на премиите од претходниот закон не е изземена ни една култура. Сите култури кои подлежеа под премии и во овој закон исто така подлежат.

Што се однесува до регресите за каматите , кредитите кои ќе бидат користени од народната банка, што така се предвидува да се регресираат, меѓутоа, овде што се кажа дека некои земјоделски култури се изземени, фактички во претходниот закон беше кажано кои земјоделски култури можат да користат кредити од претходната примарна емисија, што сега на некој начин ќе биде укината. Значи, Владата од тука ќе одредува према потребите и можностите и ќе дава можност на оние култури кои ќе се најдат во една незавидна положба во услови на пазарна економија, да можат да користат регрес на овие кредити.

Исто така, дадена е можност тука и за резерви, залихи на производи кои ќе се најдат во таква ситуација. Значи овој закон на некој начин е поповолен од претходниот закон затоа што се дава поширок обем Владата да може да одредува со некои мерки во одредено време

да интервенира со цел да помогне за таквите земјоделски култури.

Овие средства што беа предвидени со Буџетот за 19 93 година, а кои не беа исплатени како премии и регреси се пред- видуваат во буџетот за 199 4 година, да бидат исплатени. Затоа реков дека вкупниот обем ќе изнесува 1,8 отсто од општествениот производ влегувајќи тука и средствата што не се исплатени. Меѓутоа, тука е и плус програмата од 7 5 милиони денари, која е надвор од оваа процена, а која служи за поттикнување на земјоделското производство кое ќе ја применува Владата на РМ.

Од овие причини сметам дека има потреба и предлагам овој закон да го донесеме.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, во рамките во овој таканаречен пакет на мерки за економска стабилизација најоштетен сегмент ќе биде без сомнение земјоделието затоа што личната потрошувачка е благо рестрингирана, но за тоа се дискутира колку може , или колку може, социјалната издржливост се темпира, корисниците на јавната потрошувачка, особено некои корисници на јавната потрошувачка драстично ја поправаат својата положба во рамките на расположливиот колач на општествениот производ, заради тоа што јавната потрошувачка цели 10 проценти структурни го зголемува своето учество во општествениот производ. Значи многу корисници ќе бидат во поповола положба, а земјоделието за разлика од овие објаснувања дека наводна добива подобра положба, имајќи го во предвид неговото учество во Буџетот на Републиката, не е апсолутно точно, заради тоа што главната помош земјоделието ја добиваше преку примарната распределба, односно преку оние пари без реална цена кои што влегуваа во

земјоделието на товар на вкупното стопанство или општество, пред создавањето на инфлација. Се разбира дека тоа не беше добар начин и требаше да се укине. Тука нема ништо спорно во врска со тоа, меѓутоа, во Буџетот на Републиката зголеменото учество од 1,2 на 1,8 %, или овие средства од 2 милијарди и 619 милиони ни случајно не ја обезбедуваат таа положба на земјоделието која што беше во досегашниот систем, која што на инфлаторен начин се разбира ја репродуцираше ситуацијата во стопанството. Имавме претходен закон за тоа кој добиваше премии, кој добиваше регреси, колку и како. Сега имаме дури ситуација ако вака се прифати овој закон, ни овие средства од 2 милијарди и 619 милиони, а да потсетам дека она што не е минатата година исплатено е планирано овде, значи за 1994 го- дина сумата реално е помала, од оваа што овде е назначена, дури ни овие средства немаат гаранција според овој закон дека ќе бидат исплатени на земјоделците, затоа што така е напишан законот и остава широк простор на право на Владата во зависност од буџетската ситуација да се шета од оваа или кон онаа ставка од едноставна причина што, само да го погледате членот 2 кој вели дека ќе се обезбедуваат премии за пченица , сончоглед, шеќерна репка и млеко. Колку премии, кој износ ќе биде за тоа, тука нема. Читаме во Буџетот, во образложението на Буџетот, но образложението на Буџетот не се усвојува, се усвојува Буџетот, по ставка , по величини. Овде нема законска гаранција, дека толку и толку, во таа и таа висина ќе биде исплатено. Во претходниот закон имавме точно прецизирано колку ќе биде, но сепак тоа не се исплаќаше.

XII/8

Во членот 4, залихи на одделни земјоделски производи сопствено производство на одделни земјоделски прозводи, формулации кои што се многу лабави, широки и непрецизни, кои што даваа простор да се одлучува во дадениот момент поинаку и даваат простор Парламентот да изгласа нешто, па вр суштина на крајот нема да знае што изгласал. Тие одделни производи можат да бидат 3, можат да бидат 4, можат да бидат 5, можат да бидат овие, и можат да бидат оние, како што е во законот запишано.

Некои алинеи од тој член се одделни производи, а некои алинеи се прецизни - гоење на јуниња, јагниња итн. Тоа не е добро.

Кога се работи за член 5, бидејќи е краток законот, висината на регресот за намените утврдени во точка 1 и член 4 на овој закон се утврдува диференцирано до 20% од износот на вкупната договорена камата со деловните банки. Значи, вели до 20 насто, а до 20% е од 0 до 20 и од 0,01 до 20, како ви е позгодно, независно од тоа што пишува во образложението на Буџетот , одредена сума од 1.100.000 за таа намена и така натаму, но тоа е во образложението. Тоа не е во законот, а нашата правна држава не функционира ни кога нешто прецизно е запишано во закон, а да не говорам во образложението и слично на тоа. Според тоа, овде треба да стои прецизно. Ако е стварно намалена помошта на земјоделието во споредба со еден систем кој што функционираше на начин како што знаеме, инфлаторно барем овде треба да биде она што ќе биде запишано, јасно гарантирано дека земјоделците ќе го добијат и да знаеме во која величина за кои производи регреси, за кои производи премии кај гледаме во кој процент овде за 199 4 година.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Инаку, ова е премногу голема комоција, слобода со формулации од овој тип за закон. Тоа може да биде кажано во образложението на Законот, но за законот кој треба да се чита и за закон кој, ако не се применува, тој што ќе треба да тужи за да бара примена на тој закон, тие што ќе одлучуваат врз основа на тој закон врз основа на вака запишан закон не можат ништо да направат.

Според тоа, мислам дека овој закон треба да се повлече и на земјоделците да им се понуди нешто честито во рамките на расположивото, се разбира што го има оваа држава.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас утрово кога дискутирав го кажав генерално мојот однос и кон програмата и во рамките на тоа и овој закон, меѓутоа, мислам дека токму сега треба повторно да се вратиме на еден дел од тоа расправајќи по овој закон и мислам сосема прецизно да одиме на некои работи за кои мислам дека господинот Петар Гошев сега сосема магловито дискутираше.

Точно е дека со овој пакет и со неколку закони се одредува 40% од општествениот производ да се зафати во таканаречена јавна потрошувачка. Меѓутоа, ние не можеме да третираме дека земјоделието со тоа се оштетува затоа што под јавната потрошувачка се сваќа државната администрација. Со ова се точно одредено дека земјоделието од тој колач од 40% ќе добие 1,8% од општествениот производ, што значи дека треба низ таа призма да го гледаме како е трошењето на средствата во јавниот сектор, инаку ќе имаме магловита ситуација. Дека ние само за финансирање на државата во буквална смисла, во традиционална смисла на зборот трошиме 40% од општествениот

производ. Меѓутоа, токму во оваа програма е направен чекор напред, не знам колку беше веројатно 0,8% на 1,8 значи низ таа призма би требало да го гледаме зафаќањето на јавните фондови меѓу кои Буџетот кој го алиментира земјоделието со 1,8% во оваа година. Од таа страна мислам дека сега ќе дојдеме во сосема обратен заклучок дека земјоделието оваа година ќе биде во поповолна ситуација отколку претходната затоа што токму тие 40% се едновремено наменети таму.

Второ, за да бидеме сосема фер кога зборуваме за земјоделието мислам дека од многу дискутанти има маркетиншки настап за земјоделието свесни дека таму се крие едно големо гласачко тело, меѓутоа, мислам дека треба на еден друг начин да расправаме за земјоделието, земјоделие како дејност во РМ не е како овде што се зборува Македонија аграрна држава, Македонија земјоделието на прв план. Напротив, во Македонија индустријата и сосема би било грешно кога ние би донеле заклучок дека ќе го форсираме земјоделието како приоритет во Република Македонија. Индустријата е приоритет. На крајот на краиштата 40% од општествениот производ во Македонија ја дава таа индустрија во РМ. На второ место е трговијата со 25% што едновремено значи двојно повеќе од земјоделието. Во Македонија трговијата очигледно дава двојно поголем општествен производ од земјоделието. Ајде низ тој аспект да гледаме што е стратегија во Македонија за развој на индустрија, трговија, земјоделие како трета, а не приоритетна дејност во Македонија. Од таа класификација Македонија воопшто не може да се смета како аграрна земја, не може да се мета ни за индустриско аграрна.

Она што на крај господине Андоновски, кој има веза повелете на говорницата да зборувате. Ако низ таа призма го гледаме земјоделието

колку од него се дава во општествениот производ, а колку се внесува повратно како зафаќаше само за земјоделието ќе дојдеме до пропорција само 13 до 15% општествен производ кој го дава земјоделието во РМ се враќа близу 2% оваа година што значи еве да заокружиме на секој пет-шест денари произведени во земјоделието како општествен производ државата дава еден денар. Јас не познавам друга дејност во Републиката освен дејностите образование, здравство, кои целосно се алиментираат од други непазарни причини од државата, не познавам ни една дејност која на сопствен производ од пет или шест денари добива еден денар од државата во таков соодност. Така да го гледаме инаку ако ги замаглиме само апсолутните вредности без даземеме што релативните вредности покажуваат во земјоделието Македонија колку земаме, колку даваме ќе се дојде до констатација дека и со оваа програма на земјоделецот му земаме, меѓутоа, напротив тоа е дејност во која на пет шест денари еден денар се дава од Републиката и мислам дека токму оваа програма ја прави дејноста земјоделие во РМ од стопански дејности во традиционална смисла на зборот инаку е спорно што е здравство што е образование и тие се дејности кои треба така да се третираат, земјоделието може да испад- не сосема обратно приоритет.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Да, има некоја магла и нешто магловито, меѓутоа, тоа е морам да речам, во главата на мојот помлад колега Никола Поповски заради тоа што

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може со повеќе почит еден спрема друг.

XIII/4

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Па со почит, зборот магла го употреби тој, сега што да му правам, јас не го употребив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со повеќе почит.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Тогаш требаше да се води сметка кој зборови се употребуваат инаку очигледно не разбрал што кажав, а од ова што тој кажа јас апсолутно ништо не разбрав каде е проблемот и каде ги гледа тие констатации што тој ги извлече.

За дефиницијата за јавна потрошувачка дека било само трошокот аз администрацијата таква работа ниту сум помислил, ако сакате да ви напишам дефиниција што е јавна потрошувачка за да ја разбере дека тоа најмалку можам да го кажам јас. Тоа е една работа.

Второ, дека земјоделието ќе било во поповолна состојба сега отколку во минатата година или минатиот период тоа е, да не употребам некој збор што пак нема да ви се допаѓа ама апсолутно неточно заради тоа што парите од примарната емисија што ги добиваш земјоделието беа огромни пари што не може ни 0,6 зголемен дел во Буџетот да ги надомести ни еден процент ни два проценти. Тоа беа претежно во општествениот сектор, во индивидуалниот не одеа, се разбира. Меѓутоа,тоа ни случајно не може да го надомести ова што сега се прави. Се разбира дека јас не ни помислувам дека тоа може да се компензира во ваква буџетска ситуација или ваква ситуација на стопанството која што не може премногу да издвои пари за сите овие потреби што денеска се појавуваат. Меѓутоа, да се спори исто така фактот дека 40% од општествениот производ во споредба со 30 и помалку од 3 0% како што се тврдеше овде од соодветното министерство дека изнесува јавната потрошувачка за оваа година дека тоа е мало подобрување на

положбата во вакви услови на вкупните корисници на јавната потрошувачка и буџети и фондови, тоа исто така е говорено за да се говори нешто, а не да се каже нешто што е навистина потребно. Да се говори дека односно да се извлекува од оваа дискусија дека прв приоритет треба да се стави земјоделието, исто така е нешто што е моментална измислица заради тоа што такво нешто не реков, меѓутоа, да се говори дека земјоделието е дејност кое најмногу добива преку буџетската интервенција во споредба со други дејности, може да се говори, но треба да се има предвид дека земјоделието е дејност која особено ја форсира секоја модерна, современа држава која држи и знае какво значење има земјоделието.

Да се говори дека земјоделието според процентот како учество во општествениот производ е незначајно за Македонија или помалку значајно од трговијата тоа е исто така непознавање заради тоа што земјоделието учествува како чиста дејност со 15% нешто плус нешто минус, во создавањето на општествениот производ, притоа не се пресметани неговите индиректни ефекти по однос на сето она што оди во целокупната прехранбена индустрија и другото значење. Според тоа, значењето на земјоделието не е во 15% што ги има, значењето во земјоделието е многу многу поголемо од тие 15% а и кога би биле 15% се работи за храна, се работи за земја, каде нема проценти и тие проценти ништо во основа нема да докажат.

Според тоа, тоа се други нешта и не тврдев и не барав земјоделието да има не знам колку повеќе пари ако нема од каде, земјоделието никогаш нема да ја добие таа положба каква што ја има во западноевропските земји во оваа држава доколку ние вкупната економија не ја стабилизираме. Треба да се стабилизира вкупната економија за да може да се наполни буџетот, па од Буџетот да се трансферира во

областа на земјоделието со поголеми субвенции. Ние, таква економија во овој момент немаме и се што ќе се вети повеќе од тоа за земјоделците навистина претставува политички маркетинг. Можеби некои дискутираат за политички маркетинг, но таква намера јас немав, туку напротив барав еден закон да прецизира нешто јасно, да го каже тоа што ќе го даде таму и таму 90 толку и толку во годината што е пред нас. Само за тоа се залагав за друго ништо, а земјоделието, се разбира, дека социјализмот го упропасти, го унакажа во сите социјалистички земји, затоа што сите социјалистички земји кубурат со храна, немаат доволно храна, немаат развиено земјоделие, ние имавме нешто порелаксирана ситуација, но заради формулата индустријализација плус електрификација рамно на социјализам. Сега, повторно ако извлекуваме заклучоци дека земјоделието не е важно, туку индустрија- та е само важна, тоа се повторно погрешни стојалишта и тоа не ни е потребно.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Не само што ме спомна, туку и ме повика и затоа излегувам инаку немаше да излезам.

По теоријата на господинот Никола Поповски, 330 илјади земјоделци што се занимаваат со земјоделска дејност треба веднаш да прекинат затоа што тоа е неликвидно, тоа не чини, треба веднаш да си одат. Но, ова ми е сосема јасно за еден човек кој од академски агол дискутира што никогаш не фатил земјоделска алатка и не знае што е продуктивност што е непродуктивност, така и ќе мисли. Затоа точно предлагав Министерството за земјоделие да донесе стратегија па тогаш ќе имаше можност да прочита и научи што значи земјоделие.

Вака како што е поставено земјоделието ако инпутот во производствената цена на земјоделието учествува со толкава стапка нормално е дека нема да имаме, меѓутоа, тоа е занимаше од кое живеат 33 0 илјади население.

Кога зборував тоа не беше маркетинг затоа спомнав затоа што знаев дека така ќе биде квалификувана мојата дискусија. Јас ова го зборувам и секогаш кажувам дека РМ има перфектни почвено климат-ски услови за развој на две дејности и компаративната предност треба да се искористи како таква* Не сакам да се повторувам во таа дискусија, тоа е многу битно за Македонија од економски аспект нема да навлегувам многу што значи земјоделието ќе процените вие и јавноста, меѓутоа^ она што го зборуваше господинот Петар Гошев наполно се согласувам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

330 илјади земјоделци се таквите меѓу кои и вие до 15, часот директор по 15,00 часот земјоделец. Инаку, во Македонија се 170 илјади земјоделци.

Она што сакав да го кажам во расправата која претходно се отвори мене минатите години не ме интересираат за компарација, компарирам со она што е компатибилно да се компарира со овој сите сега инаку, ако компарирам со времето на социјализмот тоа не е компатибилно, таму некој друг фактор влијаеше на таа работа. Компарирам она што може а тоа е издвојувањето од овие работи.

Второ, мислам дека исто така не треба да се апсолутизира меѓутоа, и да се минимизира ниедна гранка, не по процентот и гранката со дејноста со 0,1 што учествува е исто толку важна. Дури и некоја гранка од дејноста индустрија може да биде поважна заради тоа што

произведува нешто понеопходно дома, ја потцениме. Меѓутоа, зборувавме за друго.

Она што на крај мислам дека сепак е магловито, а 40% од општествениот производ дефакто не се издвојува така, овој пад фигурира заради тоа што од платата на екстерниот долг калкулира поради други причини што тие 40%. Кога тоа би отпаднало процентот многу би опаднал. Кога не би била и отплатата на долговите кон странство вметнати во тие 40% исто така зафаќање во јавниот сектор така што од второто излагање ми е сосема јасно господине Гошев дека ви е магловито што е тоа 40%.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам ако може да се задржиме на овој закон.

Има збор господинот Миленковски.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Прво, ние избегавме надвор од законот. Овде се работи за еден постоен закон кој го донесе ова Собрание и сега вршиме измени на тој закон. Фактички за тоа многу малку стана збор и јас не реков дека со овој закон односно со стабилизационата програма дека ќе се најде земјоделието во подобра состојба како што ме разбра господинот Петар Гошев, меѓутоа јас реков рестрикциите кои се вршат во другите области дека земјоделието ќе биде на некој начин во поповолна состојба односно помалку ќе има рестриктивни мерки по однос на другите. Тука не се разбравме. Ние и порано зборувавме за областа на земјоделието многу пати и мислам во врска со овој закон не би требало тоа да го повторуваме, ќе имаме теми за земјоделието и да кажуваме кој што и како, меѓутоа, сега треба да се задржиме исклучи во на законот и на измените на законот.

XIII/9

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Да, мојот помлад колега пак спори самиот со себе си и измислува нешто што воопшто не го говорам. Тој сега станува и ми одговара дека секоја гранка е важна и онаа што има 0,01 процент учество во општествениот производ, а јас не реков ниту една гранка дека не е важна. Тоа му доаѓа како некаков одговор на она што јас го реков.

Второ, пак ми објаснува дека 40% не се 40% во општествениот производ, дека во тие 40% ќе се алиментира еден дел од кредитите од странство, но 40% се 40% како учество и на тоа ниво е формирана јавната потрошувачка во општествениот производ. Тука нема никаква филозофија во врска со тоа.

Трето подобро е да дискутира со помалку инает, туку со повеќе факти тоа е подобро за самиот него не за мене.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Мислам дека не водат овие расправии кон ништо, меѓутоа сепак сакам да му кажам на господинот Никола дека јас сепак нешто работам и како доктор и како земјоделец, меѓутоа, што знае тој да работи освен ова да критикува овде.

XIV/1 ЈМ/љ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас би молел се она што може да се каже во холот, во ресторанот еден на друг да не мора да се каже на говорница. На говорница да се каже она што мора овде да се каже, да се подобри текстот, да дојде до некое решение.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство. Почитувани колеги. Јас мислам самиот факт што ние навремено донесовме закон за поттикнување на земјоделското производство, закон за поттикнување на развојот на земјоделието говори колку внимание ние посветуваме на оваа област на оваа дејност во нашата Република. Мислам дека и со право за што се сеќавам навремено"Економска политика"објавуваше напис "пољопривреда полупривреда што значи дека земјоделието и на ниво на Југославија некогаш претставуваше пола од стопанството. Оттука мислам дека тоа аналогно може да се пренесе и во нашите прилики и услови мислам дека земјоделието е значајна област во нашето стопанство и го заслужува целото и наше внимание би рекол. Ова што го истакнувам го потврдувам и со фактот што не случајно и во показателите што ни се нудат заедно со програмата, стабилизационата програма на Владата не случајно се дадени показатели кои говорат која област на стопанството каде се нас ѓа, каде се наоѓала и каде се наоѓа сега. Паѓа в очи од тоа што се гледа тука дека ние за разлика од индустријата која како област на времето ја имавме така да се каже на прв план меѓу другото и заради фактот што со таа индустрија партиципиравме во вкупните потреби на Југославија, таа беше на некој начин проектирана за поширoки потреби и беше што се вели во зенитот на вниманието, па и доминираше во нашето стопанство барем мерено преку учеството на индустријата во општествениот производ. Така да кажеме ние во 1990 година индустријата учествуваше со 41,8 за да би во 1991 година се намали учеството на 39,7, во 1992 година на 38,6, во 1993 година да биде на 38,6 да би за идната година се планирало учеството на

индустријата некаде од 37,1%. Наспроти тоа кај земјоделието во 1990 година сме имале учество од 9,7 да би во 1991 година тоа учество пораснале на 13%, во 1992 година на 15, во оваа година се очекува заради сушите и мразевите итн. да падне учеството на 16,1, но затоа пак идната година предвидуваме тоа учество да биде некаде 16,3%. Јас верувам дека со оглед на околностите и на сето она што се случи со распадот на Југославија земјоделието ка; нас ќе заземе мислам посоотвено место отколку што го имаше досега. Ние сме заинтересирани индустријата да се развива зошто ни решава многу проблеми, меѓутоа со оглед на изменетите околности и за репроматеријали и за пласман на готовите производи барем на овие традиционални пазари во услови на неснаоѓање, односно на тешкотиите со изнаоѓање на нови пазари ние со индустријата ќе се соочиме сериозно во идниот период и би рекол дека земјоделието го заслужува целото наше внимание би рекол дека тука ги имаме и компаративните предности. Затоа мислам дека и ова што тука се сугерира со законот за измени на законот за поттикнување на развојот на земјоделието, мислам дека треба да се сфати повеќе како операционализација на она што е содржано во стабилизационата програма како определба за идната година, би рекол дека и за идниот период. Мислам дека таму беше јасно речено, ние се откажуваме од едни традиционални начини на поттикнување на земјоделието кои беа карактеристични за изминатиот период, би рекол социјалистички период преку користење на примарната емисија и преку користење на тие таканаречени селективни кредити итн. Меѓутоа тоа се прави заради фактот што ние се определивме за пазарно стопанство, а пазарно стопанство со вештачко поттикнување на развој нема. Ние се определивме токму заради тоа конечно да се откажеме од таквите би рекол не доволно продуктивни начини на финансирање, се определивме на начин кој што ќе значи и малку себе мотивирање на земјоделието и за

XIV/3.-

еден подомаќински однос кон користењето на средствата за негов побрз развој. Значи се определивме ние да се користат банкарски средства, комерцијални средства, но со напомена да во оваа фаза додека земјоделието создаде сопствени сили, сопствена акумулација да партиципираме во тешикотиите на земјоделието преку премии и регресирања на каматите кои мора да ги плати тоа земјоделие, заради користење на таквите комерцијални кредити. Мислам дека таа определба како стратегија е добра. И заради тоа мислам дека ние не треба да губиме време, да правиме маркетинг, состојбите ни се тие и би требало мислам да го поддржиме овој закон зошто претставува само дополнение на едни мерки што ние веќе ги имаме зацртано со основниот закон. Ова е само една можност повеќе во новите општествени економски услови. Затоа ве молам да го поддржиме тој закон со цел навистина да овозможиме земјоделието навистина полека, полека, да почне да се ослонува врз самото себе.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Јас ќе почнам со природата, значи затоа градот Скопје го потиснува толкава магла бидејќи во многу пратеници имало во главите магла. А за тоа уште да додадам дека затоа се толку нечистотиите и загадувањето и затоа има таква работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За екологија друг пат ќе зборуваме.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Да се крене маглата. Зошто стално дискутираме, велиме во проценти толку даваме, волку даваме, јас не сакам така книговодствено. Дај да видиме што сторивме ние со тоа. Вие пак како некни правиме "волкот во трлото, а трагата ја бараме". Ако имало издвоени пари, па зошто не е исплатено? Ете да не одиме на другите, заштитата што беше гарантирана зошто таа не е исплатена, зошто од минатата година им се должни, зошто не е исплатено, а помина 19 93 година. Кои се тие средства што вие ги водите тука? Каде се тие средства. Се подобрува

земјоделието, му издвојуваме толку посто. На кого му ги давате тие пари, каде се парите? Еве, 60 пари ја плативте репата. Што се купува со 60 пари? Јас ја молам Владата да дојде да ја товари репата од нивата извадена готова, дали ќе најде некој да им ја однесе до фабриката за 60 пари. Ако најде, секоја година ќе му ја давам бакшиш репата. Затоа ви велам дека велиме издвојуваме проценти. Кои се тие проценти? За мене важи кога^ќе ми ги дадеш ти парите, кога ќе ми речеш еве ти за тоа и тоа толку пари, за ова толку пари, а вака ако имаме брашно, да имавме масло ќе месевме зелник. Тоа значи ниту едното го немаме, ниту другото го немаме. Зошто луѓе се служиме со такви работи. Еднаш да кажеме тоа и тоа го имаме, а не со залажување И зошто ги издвојуваме, јас спомнав и имам амандман поднесено затоа не треба ние да издвојуваме. Некој рече дека не се важни. Важни се и тоа како и оризот и маслодајната репа и пченката затоа што ви кажа јас утре оризот од Индија ќе ви .биде поскап, и бакшиш да ни го дадат од Индија превозот што ќе го донесеме до тука, тој долгиот ориз што го даваа за помош не можеме да го платиме, а овој квалитетен ние на  некој начин со ваквата политика ќе го намалиме на минимум затоа што утре и тие ќе си направат економска рачуница кои производи да ги садат. Овде Владата вели ќе одреди кои. Па сега треба земјоделецот да знае кои култури ќе ги привилегува и да знае дали да сади илида не сади. А ние што правиме? Курнаска работа,да простите овде. Ќе ги излажеме сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да внимаваме за што ја користиме говорницата.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Значи, нема пак да садат. Сега треба да им кажеме дека репата нема да се финансира, немаме за репа, за пченица, за пченка за тоа ништо не даваме и земјоделците ќе си кажат дали ќе садат, или нема да садат репа, дали ќе садат пченица или не, зошто тој да сади пченица.

Утре како ќе обезбеди државата за сите леб, ќе обезбеди и за нив леб. А ние сега ги тераме тие да произведуваат таму леб и кога ќе дојде пара по пара ќе му исплатуваме и ништо не ќе створат со тие пари. Цената ја одредуваме во есенската сеидба, му исплаќаме во август, со инфлацијата се изедени парите, еве за тие шест денари што ги платија сега колку посто од тогаш се поскапи лебот и што ќе им остане за во иднина, ѓубрето. Од тие пари што сега им ги давате по 6 денари сега треба да купи ѓубре за наредната година. Тогаш беше ѓубрето 1300 денари една вреќа а сега е 37. Кај ќе му стигнат пари? Во тоа ние немаме стабилизација. Тоа е точно така да бидат тие цени, меѓутоа ако имаме ние стабилност овие цени што ги одредивте сега да важат и во август, а тие веќе се стопиле. Затоа не можеме ние да донесеме таква стабилизациона програма само за нив, а за овие да го удавиме производството.

По однос на кредитирањето велиме дека кредити се даваат. Кој ги искористи, нека најдат еден индивидуален земјоделец кој ги користел тие кредити. Тие ги однеле сите во општествениот сектор, или во трговските организации, преку нив се стопиле тие кредити и нека каже кој земал кредит за есенска сеидба, за пролетна сеидба, за набавка на машини, кој индивидуалец искористил таков кредит?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас нема да се впуштам во расправа и да дискутираме сега што значи земјоделието за оваа дражва, што не значи, меѓутоа мислам дека некој многу порано и некои што ја познаваат оваа работа кажале дека земјоделието претставува извонредна гранка во државата и дека е потребно да ја негуваме и форсираме заради тоа што и таа учествува во севкупниот општествен производ и мислам дека мора да признаеме еден најголем дел од населението веќе не е на село, односно и живее од производство на земјоделските култури. Ако имавме некоја стратешка политика во однос на земјоделието, јас мислам дека сега не би имале

XIV/6.-

вакви градови растурени, растурена демографија, рас- турена миграција итн. село град, а ние направивме еден лапсуз, па сигурно сега лечиме последици. Меѓутоа, кога се работи за закон, лично сметам дека Владата позитивно постапува што прави една интервенција во претходниот закон заради тоа што ние како пратеници овде на овој парламент донесовме закон кој не доби практична верификација, а законот кој не добива практична^верификација тоа не е закон, практично истиот треба да се менува во една, или во друга смисла. Ако го прочитате претходниот закон, односно постојниот закон ќе видите дека ние како пратеници заради тоа што потекнуваме од различни општини во кои општини по природа на нешта имаме одредено производство, дали се работи за пченица, за вино, настојуваме за да бидеме подобри на нашите бирачи, ете тие ќе видат дека и јас како пратеник се залагам дека во законот треба да влезе и маслодајната репка, иако маслодајната репка да речеме во рамките на Македонија учествува со не знам колку, никакви проценти, да не кажам е ептен незначајна. И во таа смисла член 4 сме го оптовариле: производство на пченица, пченка, шеќерна репка итн., па сме додале резерви на пченица, пченка итн. Значи практично оваа сиромашна држава, јас тврдам во никој случај не би можела да ги обезбеди овие привилегии, односно бенифиции преку премии, регреси и кредити за да ги на некој начин премира, или регресира сите овие производи од земјоделството. И во таа насока мислам де Владата прави многу позитивен чекор да ги скрати овие привилегии и најверојатно се базирала на тоа дека сепак овие производи што се во член 4, претставуваат стратешка потреба за државата, а се работи сега овде за пченица, јас верувам дека е потребна пченица, сончоглед шеќерна репка и млеко. И понатаму член 2 и член 4 дообработуваат и некои други обврски кои сепак се предвидува за гоење на јуниња, јагниња итн. во таа смисла мислам комплетно го прифаќам овој закон што ни е понуден со измени и дополнуваша со една забелешка. МОраме да правиме такви

закони за да не ги буниме луѓето, еве, јас ќе ви кажам дека комплетно и господинот Трајан Мицевски спомна дека мојата изборна единица е да не кажам 39 изборни места, тоа се се селски подрачја. Кога одам таму се потврдува дека ниту едно лица досега нема искористено од таа премија. Се работи за сончоглед, за пченица, а да не веруваме дека ниту едно лице нема искористено никаков кредит. Ние мораме да направиме напори ова сега што го нудиме во законот и индивидуалниот сектор нешто да добие од овој колач. Наспротивно пак ќе ги форсираме оние комбинираните како мене да речеме и на државна работа и на земјоделие, а и останатите. Така што мислам дека тоа е некоректно во однос на правиот земјоделец. И во таа смисла мислам дека давам една поддршка на овој закон и покрај тоа што искажува одредена резерва баш заради тоа што средствата кои се предвидуваат во Буџетот мислам дека сепак се недоволни докрај да ги измират потребите во член 4. Може би со кредитите нешто ќе направиме, меѓутоа отом потом.

**ЕФТИМ АНЧЕВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувнао претседателство, дами и господа, пред вас се наоѓа законот за измени на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството и би ја искористил оваа прилика да ве повикам да го прифатите овој закон и да го изгласате. Имено овој закон е во склад со пакетот на мерките за стабилизационата програма на Владата на Република Македонија и претставува еден обид за водење на една конзистентна земјоделска политика, а во склоп на реалните економски можности во една економска состојба каква што ја има нашата држава. Имено, во дискусијата беше кажано дека најголем дел од поттикнувачките мерки во земјоделството во изминатите периоди базираат токму на еден феномен таканаречен примарна емисија, или во земјоделството го рефлектираат како селективни кредити. Оваа

XIV/8.-

политика на селективни кредити за ресорите на земјоделството обезбедуваше во Југославија прилично комотна позиција и ваква ресорски погледнато можеби е упатно ресорните министри за една ваква политика и се борат бидејќи во дадениот момент одредениот сектор профитира, меѓутоа долгорочно погледнато апсолутно губи бидејќи тоа е јасно примарната емисија се нови пари кои што немаат покритие ниту во материјалното производство, ниту^во друг дел од монетарните агрегати итн.

**ЕФТИМ АНЧЕВ:** (продолжение)

Според тоа ова е завршена работа, не е предлог на овој закон, меѓутоа, имаше одредени дискусии, со 31 март 1994 година примарната емисија во Македонија с во полза на земјоделството, за неа зборувам апсолутно завршува и таа ера на на протикнување на откупот на производството во земјоделството е завршена. Дали тоа ни се бендисува или не тоа е така. Ние мораме да се прилагодиме на тие услови. Тоа покрај другото апсолутно е диктирано од мисијата на ММФ и од тоа бегање нема. Јa би сакал да кажам и овој закон дека во однос на сега важечкиот има одредени промени, меѓутоа, мислам дека тие промени одат во правец на изградба на една конзистентна аграрна политика и на располагање со реални пари и располагаше со реални интервенции во земјоделството.

Не знам дали доволно уочивте еден елемент што во постојниот закон значајно егзистираше а имено регресирање на репроматеријалите во смисла на вештачки ѓубрија и заштитни средства во земјоделското производство во овој закон се изменува. Тоа економски ќе се одрази на производството без дискусија. Меѓутоа, тоа има,и би сакал и во оваа прилика да го кажам, и е сугестија од ММФ значајна улога зашто иако ние пледираме што е точно дека се уште сме подрачје со можности за производство на здрава храна и прилично незагадено подрачја, и тоа е точно, но во дел од територијата на нашата држава исто така е точно дека имаме да не употребам медицински израз абузус на употреба на пестициди и други материјали, особено во интензивните подрачја на Преспа - Битола, Гевгелиско - Валандовскиот регион итн. Има такви подрачја кај нас, ова стручно ви го кажувам кои што не можат воопшто да пледираат на еколошки здрава храна. Сугестиите на ММФ беа да нема потреба и во светот никаде не се регресира и финансиски форсира употребата на овие хемикалии што е докажано дека се отрови особено ако

нестручно и прекумерно се употребуваат.

Друг дел е проблемот со регресирањето на каматите. Видете овде и во дискусијата беше истакнато дека со досегашното законско решение за поттикнување на земјоделството ние имаме едно значајно каснење и тоа е факт што ние како ресор не можеме да го криеме и сите интервенции на државата и во вид на регресивни камати и репроматеријал и во вид на премии прилично каснат поради одредена, како да речам, буџетска несолидност и недисциплина. Во таа смисла моравме да се ограничиме како Влада на реалните можности и реално да ги регресираме каматите зашто откупните организации и производните крупни организации ќе ги плаќаат заземените кредити при откупот и;-поддржување на производството во земјоделството.

Би било можеби банално и досадно, меѓутоа да ви кажам што во дискусијата беше истакнато, ние ќе имаме таква протекција на нашето земјоделство како што ни е и останатото стопанство. Ние имаме слабо стопанство.- Затоа во прилично догледен период ќе имаме и соодветно на тоа такво земјоделско производство. Вие сите знаете дека земјоделски најразвиени земји во Европа се Франција, Италија, Англија и Германија. Тоа воедно се и четирите економски велесили и индустриски велесили во Европа. Механизмот е прилично прост иако вака навидум изгледа комплициран. Треба да се зафати од индустријата која што во најголем број од европските земји е многу јака, многу акумулативна и тој дел од новата вредност, од парите да се префрли во земјоделството за да се добие на пазарот многу евтина земјоделска стока односно производи и затоа имаме секаде субвенции и на млеко и на леб и на свинско млеко и на пилешко месо, па и најбедните луѓе евтино се хранат со овие земјоделски производи.

Само уште две-три минути.

Според тоа господа пратеници би сакал за нешто да ве замолам и сосема реално да погледнеме на овој закон да имате во е/ предвид дека додатен дел на програмата за стабилизација, како дел на аграрот е и Законот кој што понатаму во дневниот ред следува а тоа е законот за посебни давачки при увоз на земјоделски прехранбени производи кои и овозможуваат на нашата држава со одредени моментални и царински давачки ги изедначи цените на увезените прехранбени земјоделски производи со доницилните цени и така да го заштити домашното производство. Овој закон затоа, мислам овој другиов за додатни давачки и овој обезбедува една каква таква конзистентна политика.

Инаку би сакал и нешто друго да ви кажам ние и понатаму веројатно ќе имаме миграција, не е во согласност со овој закон, меѓутоа и понатаму ќе имаме миграција на селското население кон град. Таа кај нас беше неприродна и многу рапидна. Меѓутоа во светот тоа е една многу природна појава. Во светот фармерско население има испод две цифри до 10%. Секаде во светот е присутна тенденцијата да се намалува бројот на фармерите а величината на фармерите да се зголемува; Така да сега во Западна Европа просечна величина на една фарма е 300-500 хектари а пред 30 години изнесуваше 70-100 хектари. Така да кај нас не е трагично што луѓето напуштаат земја бидејќи е тоа во една социјална смисла, можеби и прогресивно, меѓутоа трагично е што ги испуштивме нашите места и што таму не се појавуваат нови газди кои што ќе ги купуваат тие фарми и да станат фармери. Меѓутоа како што беше речено во дискусијата тоа беше обременето од низа закони од една социјалистичка доктрина бидејќи природно социјалистичката доктрина селанецот го сметаше да не речам за непријател на тој тогашен социјализам.

Оваа Влада за овие 15 месеци и на дело докажа дека апсолутно е ориентирана кон приватниот сектор во земјоделството. Од оваа

говорница и друг пат сум го кажал истото а и сега сакам да го кажам и мислам дека со овој закон ќе се обезбедат конзистентни методи за поддржување на земјоделството во рамките на економските можности на нашата држава изразено преку Буџетот. Затоа ве молам да го поддржите и да го гласате овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа пратеници, точката што ни е на дневен ред донесуваше на закон за изменување на Законот аз поттикнување на развојот на земјоделството со предлог на закон сакам и јас нешто кратко да кажам. Во светот не. постои совршен устав па ни совршен закон што би бил образец за сите времиња. Овој предложен закон е повеќе или помалку успешен, повеќе или помалку квалитетен. Додека ние овде во Парламентот сме склони да одиме во две крајности, или да негираме или да глорифицираме. Законот што е предложен не е од оние што треба да биде глорифициран, но не е пак и таков да се негира дека е неупотреблив и дека треба да не се прифати. Како закон треба да се посматра од аспект што носи ново и корисно, регрес и премии но во поголем износ отколку досега, што тоа го гледавме од позициите на буџетот на Републиката кој го донесовме вчера.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Тодор Петров.

XV/5.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Мислам дека чувствувам не само право, туку и обврска да го искажам моето мислење по Законот аз поттикнување на развојот на земјоделството и изменување, воопшто несрамејќи се, за разлика од некои други пратеници да каже дека е од аграрно подрачје и без никакви маркетиншки пристапи и настапи по однос на ова прашаше, сосема нормално заради тоа што во Гевгелија не може да се штити развојна атомска енергија преку атомски централи туку развојот на земјоделството што е примарна дејност и на занимање на мнозинството на населението во Гевгелија.

Меѓутоа сакам да укажам на некои неточности, произволности во излагањето дека предложениот текст на измени на постојниот закон нудат поголема флексибилност на Владата за остварување на правата за поттикнување на развојот на земјоделството. Во сегашниот текст на законот за кој што сметам дека треба и понатаму да остане отфрлајќи ги предложените измени со овој закон, беше предвидено децидно дека регреси се обезбедуваат за дел од каматата на кредитите што се користат за определени намени во земјоделството и тие производ! беа децидно наведени: производство на пченица, пченка, шеќерна репа, маслодајна репка, сончоглед, оризова арпа, тутун, семенски материјал од овие култури и вештачки ѓубрива, како и производство на млеко со одгледување на расен приплоден добиток во сточарството говеда, сви овци кози и живина, и тоа во висина на регресите од децидно утврден процент од 50% од износот на каматата пресметана од есконтната стапка што ја применува Народната банка на Македонија.

Понатаму дека се обезбедуваат регреси за резерви на пченица, пченка, сончоглед и сурово масло, ориз, тутун, вино, вештачки ѓубрива и средства за заштита на растенијата со децидно утврден процент од 40%. Резерви на сено, пченица, јачмен, пченка, шеќерна репка сончоглед, маслодајна репка, оризова арпа, тутун и стоковни резерви на пченица,

пченка, шеќер, сурово масло, рафинирано масло за јадење, ориз и месо со регреси во висина на дел од каматата на кредитите што се користат од 30% од есконтната камата пресметана по есконтната стапка што ја применува НБЈ.

Плус што се предвидуваше регрес да се обезбедуваат и за репроматеријал за земјоделството, за квалитетно семе, сортно семе, вештачки ѓубрива и средства ^а заштита на растенијата во висина од 20% од тековната производствена цена на тие производи.

Со новиот текст на закон што се нуди сметам дека не само што не се овозможува флексибилност на Владата во поттикнувањето на развојот на земјоделството, туку се дерогираат заклучоците што ова Собрание во врска со развојот на земјоделството ги донесе и врз основа на кои што беше понуден овој текст на закон за поттикнување на развојот на земјоделството. Затоа што со новиот текст на изменување се предлага регреси да се обезбедат само за дел од вкупната договорена камата на кредити од делвоните банки што се користат за обртни средства за определени намени во земјоделството и тоа само за сопствено производство на одделни земјоделски производи, залихи на одделни земјоделски прехранбени производи, републички стоковни резерви на одделни земјоделски производи, гоење на јуниња и јагниња и тоа видот на производите и висината на регресите да ги утврдува Владата по сопствена аналогија и проценка. Никој не вели дека со буџетот со кој ја димензиониравме буџетската потрошувачка не се утврдија средства во висина во која што се утврдија. Ние и во една точка што ја имаме со предлог - одлуката за целите и задачите на монетарно кредитната политика во 1994 година предвидуваме селективните кредити да изнесуваат максимум 140 денари и тоа да може да се одобруваат за рефинансирање на кредити што би им ги одобрувале на земјоделски претпријатија за формирање на залихи на тутун и производство на пченица. Од страна на гувернерот и во расправата на Комисијата

XV/7.-

за буџет и финансирање беше укажано дека потребите само за залихи на тутун се околу милијарда и 500 илјади денари, а преку селективните кредити до примарната емисија на Народната банка се предвидуваат околу 140 милиони денари. Тоа можеме да го прифатиме како реалност. Меѓутоа мене ми се чини недостасува Основата за да можеме релевантно да одлучиме по овој текст на закон. Недостасува заради тоа што Владата не нуди никакви механизми за супституирање на она што досега се надоместуваше преку селективните кредити од НБЈ и заради тоа што не презема во тековната политика мерки со кои ќе се спречи прелевањето на доходот од земјоделството во прометот.

Тоа го велам еве од кои причини. Од причини што Владата не создава услови за евтино увозно семе, за евтини увозни вештачки ѓубриња, заевтини хемиски средства за заштита на растенијата и репроматеријал и воопшто не води сметка, со своите мерки од тековната економска политика да влијае да се намали разликата меѓу увозната . и продажната цена на овие производи и репроматеријали за да можат земјоделските производители да ги користат со многу пониска цена отколку што е таа по која сега ги купува во продажната мрежа. Законот не доживеал беше кажано примена и заради тоа што немало пари и заради тоа би требало да дојде до негова промена. Па сигурно дека ќе нема средства за оваа намена за земјоделството, ако се насочуваат на погрешни и на други буџетски корисници средствата такви какви што ги има ограничено во буџетот, ако се спречи купување на пример од наместо БМВ, Мерцедеси во разни министерства за да се возат министрите по цена од 250 илјади германски марки итн.

Исто така од страна на министерот беше кажано дека се отфрла регресирањето и обезбедувањето на средства за регреси кај репроматеријалите за земјоделството, кај вештачките ѓубрива заради тоа што има ММФ препорачува да не се финансираат пестициди кои даваат нездрава храна.

XVI/1.- ЛП/ОМ

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (Продолжение)

Со овој закон тоа не се санира. Ако е пак и така, тогаш се поставува прашање зошто Владата не го заштитува земјоделството и граѓаните на РМ, со тоа што ќе го забрани увозот на такви пестициди, на такви вештачки ѓубрива и ја забрани идната употреба во земјоделството за да навистина тие земјоделски производители кои се заним ваат во државниот или приватниот сектор да произведат здрава храна.

Понатаму, кажавме одделни проценти за она за што ќе бидат наменети во буџетот меѓутоа, земјоделците не живеат од тие процент Самите претставници на Владата констатираа дека премиите и регресите не се исплатени во 1993 година, дека се пренесуваат во 1994 година и независно што имаме такво учество во проценти поголемо од намената на средствата предвидени за истата намена во 1993 во однос на 1994 година, состојбата во 1993 година ни е позната и ми се чини дека и е гаранција дали воопшто ќе биде остварена и таа предвидена ставка за регреси и премии. Предвидени со овој закон што сега го предлага Владата.

Инаку, сосема е познато дека основна стратегија на секоја држава е производството на храна, а проимарното производство на храна е земјоделството. Затоа, сакам да кажам дека е неприфатлива определбата во членот 4 односно во членот 2 од Предлогот за изменување на законот видот на производите и висината на регресите да биде утврдена од страна на Владата и тоа за одделни земјоделски производи за кои допрва Владата сама ќе оцени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за земјоделство Ефтим Анчев, а потоа ќе дадам една напомена.

XVI/2.-

Само неколку збора во врска со претходната дискусија би скал да кажам прво што презема Владата за заштита на населението во врска со здрава храна и заштита од одредени пестициди и вештачки ѓубрива. Сакам да кажам дека иако се уште не се донесени соодветни закони, меѓутоа, македонската практика и законодавството во областа на заштитата на растенијата , кое што се уште е преземено законодавство од бившата СФРЈ е едно до најстрогите во Европа и апсолутно базира на европски стандарди. Според тоа, нашите узанси за употреба на пестициди се апсолутно европски верифицирани. Прашањето колку ние успеваме со нашите државни инспекции оваа регулатива да ја исконтролираме можеби стои, меѓутоа, тврдам дека максимално се движиме преку нашите инспекциски органи оваа регулатива да ја исконтролираме.

Во однос на ѓубривата немавме така строга регулатива, ниту има во светот и тука сме на ниските нивоа.

Второ што би сакал да кажам, македонската Влада презема значајни мерки во смисла на обезбедување на поевтини репроматеријали на нашето земјоделство во делот на вештачки ѓубрива и заштитни средства. Знаејќи дека најевтини средства за заштита на растенијата се токму ако се од светските принципали, без никакви проблеми надлежново министерство издава застапнички дозволи според предвидената македонска регулатива, ние веќе имаме директни застапници и директна продажба на пример на неколку интернационални фирми . На пример, "БАЕР", "ВАЕСЕФ" и други, ако некому значат овие имиња што се кажани директни предаватели во Македонија и тоа е она што Владата може да направи за поевтинување. Друго не може и ние воопшто не ја штитиме нашата индустрија. На пример, на"Охис"јасно му кажуваме дека ќе го ставиме во апсолутна конкуренција по светските принципали.

XVI/3.-

Исто така сите знаете дека годишно обезбедуваме огромни количини на увоз на евтино минерално ѓубре од светот. Толку може Владата да направи за поевтинување на репроматеријалите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде гледам нема крај, има уште тројца за дискусија ако може, да дадам само една напомена од овде, ако ми се дозволи.

Ако имаме намера да завршиме по овој закон, во нашата расправа треба да се задржиме по она што овој закон решава. Овој закон фактички ги дава рамките во кои ќе бидат употребувани оние средства кои ги обезбедивме во буџетот. Само тоа го прави. Ако имаме приговор на рамките, низ амандмани и генерално назначување може да се каже и укаже, ништо друго.

Второ прашање кое беше покренато во расправа, покрај рамките што ги дава, дали не треба и прецизно да одреди проценки и износи на средства на оние кои можат да користат. Да речеме, колку за млеко, за шеќерна репка,масло итн. Ве молам, јас очекував на тоа министерот да одговори. Во законот и во законите тоа не се уредува од многу причини, меѓу другите што закон се донесува за повеќе а не за една година, а тоа постојано припаѓа во политиката на Владата. Но Владата треба да каже дека Владата е спремна со донесувањето на законот веднаш да ги направи познати тие што ќе се користат со таа работа и дискусијата ќе завршеше. Другата расправа, еден дел, ќе се разјаснеше кај монетарната политика што ја имаме и таму ќе кажеме колку, што итн. и ќе се види од колку паѓа на колку за идната година, што се постигнува со конверзија кога ќе се направи. Тоа треба некој овде да го каже, доколку планирате конверзија на досегашните пласмани кои се уште не се конвертирани, дали го имате тоа или го немаат видете го, кажете го тоа

и да видите со евентуална интервенција во цариснакта политика и натаму што можете да помогнете на земјоделството за да се отслика целината на земјоделството, иако ни на една гранка ние не можеме сега да ја дадеме целината. Се разбира, не само на земјоделството туку ни на индустријата како дејност, а не да дадеме по гранки во индустријата. Инаку, ако се отклизне сега ќе одиме во екологија, па не знам каде и крај ќе нема. Ако мислите така да продолжиме да ја оставиме точката за на крајот, бидејќи ова не е точка без која не ќе може да оди програмата сега, да се разбереме. Да ја остави- ме на крајот имаме одлука за монетарната политика што треба брзо да се донесе. Ние треба нашите партнери да ги известиме колку сме ние спремни да одиме во овие промени, да одиме на клучните одлуки. Тоа е она што сакав да го кажам и. да видиме дали тука министерот може да ни помогне во оваа работа.

**ЈОВАН МАНЏЕВСКИ**: (од место)

Да го повлечеме законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, ако да го повлечеме, тој си е на дневен ред.

Дали ќе одиме понатаму во расправа. Еве, тројца има, ќе се јават уште предлагам во тој случај, заради овие причини, да го одложиме на крајот законот. Паѓаме во една ситуација дневно по два закони да расправаме. Знаете ли тоа што значи? Така не се работи на стабилизациона програма која ја кандидиравме и како итна седница и итни мерки. Немојте така, Ве молам? Се што застанува на патот на една активност која сега мора да ја свршиме до недела, треба малку да го

помериме и нека чека тоа што мора да чека. Се друго треба да се сврши, инаку нема работа. Инаку ја немаме намерата тоа да го свршиме што треба.

Ве молам, дали инсистирате на збор сега? Еве кои бара: Господинот Зафировски, Трпчевски и Митевски. Ако се само тројцата, еве да ги ислушаме.

Господин Зафировски беше прв. Господин Зафировски се откажува.

Господин Трпчевски беше втор, но се откажува. Господин Митевски беше трет.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, ќе кажам само кратко. Јас ќе се обидам да ја сумирам досегашната расправа по овој проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте така, немојте. Не е Ваша задача тоа. Кажете за законот.

(Многу пратеници реагираат во салата).

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Добро, законот ќе го поддржам само од една проста причина што министерот Анчев каша дека целиот акцент на оваа Влада и на него лично како министер е на индивидуалниот земјоделец. Се мисли на оние земјоделци кои останаа верни на своето занимање, значи основна дејност им е земјоделство, а не поверувале дека ние ќе бидеме индустриска земја како што еден пратеник кажа овде, особено кога беше прво петолетка, кога сите потрчаа да се вработат во индустријата верувајќи дека ќе станеме можеби прва европска земја во однос на

индустрија, останаа верни на земјоделското занимање и многу ми е драго ако акцентот токму на овие земјоделци биде даден.

Инаку, логично е дека секој од нас зависно од тоа од кој регион е на нашава држава такви стратегиски растенија предлагам. За мене поцелосна ќе беше самата расрава и министерот Анчев мене лично ќе ми помогнеше, ако ги видовме ефектите од постојниот закон што сега треба да го применуваме, да слушнеме колку индивидуалниот земјоделец добил на име на премии, на име на регреси, па да знаеме со оваа рестриктивна политика што треба да му одземеме, ако воопшто добил. Јас не сум баш уверен дека многу добил, сигурно земјоделско индустриските комбинати односно општествениот сектор повеќе добил на име на премии и регрес. Не сум сигурен дали е така, но знам и мојата изборна единица 45,има повеќе земјоделци на кои основно занимање им е земјоделство. Тие се жалат дека на име премии или регреси не го добиле она што според постојниот закон им следува. Навистина господинот Бранко Арсовски убаво кажа дека измените во новиот закон треба да бидат пореални, ако има финансиска подлога која ќе му гарантира на земјоделецот на кој основното занимање му е земјоделството , да и верува на оваа држава и понатаму да остане на село можеби и на своето поколение да му сугерира и тоа да се бави со земјоделство како основна дејност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

XVI/7.-

Владата на Република Македонија поднесе амандман за бришење на член 1 и 2 или се заменува со нешто друго и амандманот сега не ми е доставен го работат. Овој амандман што е поделен Владата го повлекува. Така? Технички е невозможен тој амандман, лошо е направен.

Ве молам, ќе отвориме расправа која ќе не одведе далеку, а текстот на амандманот кој е побелен не е добар, не дава да го решиме прашањето, во тоа е работата и им кажавме како да го направат, ќе го направат. Видете како се прави, погледнете го, идејата да биде опфатена, да остане. Денес не сме во состојба , сега, да расправаме без да дојде напишан тој текст. Вака како што е напишан е лошо напишан

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, овој амандман што е од Владата можеби не е добар, меѓутоа, ние во Комисијата за земјоделство и шумарство кажавме дека во членот 2 каде што ги набројува производите беше испуштена маслодајната репка, која е влезена о Стабилизационата програма и во Буџетот и заради тоа со оваа цел се сака да се вметне маслодајната репка во измените, се проширува. Тоа е целта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, но со тоа не се прави тоа, туку друго се прави. Не ви ја спори вам идејата никој, но така не се прави тоа , сега тоа го прават како што треба. Целта си останува, а за да остане целта, стариот член , вашиот текст не е добар за тоа, т.е. овој на Владата. Тој текст не е добар. Тоа го проверувавме.

Амандманите се токму на тој член. Да го погледнат луѓето тој член сега кога ќе биде донесен овде, да видиме дали си ги повлекува своите амандмани.

Еве, може овде да се прочита како би гласел амандманот ако се усвои вашата идеа.

Еве, член 1 вели дека во Законот за поттикнување на развојот на земјоделството, "Службен весник тој и тој, членот 4 се менува и гласи па членот што ви е со сегашниот предлог и членот 2 како што сте го дале се заменува со овој текст и тогаш останува стариот член 1, а ова си оди како Што сте го дале во членот 4. Технички мора да биде изведе- но утре да излезе во Службен весник. Не може инаку. Вака како сте го направиле создава збрки. Сега не му е јасно на господинот да речеме што поднесол амандман на досегашниот член од вашиот предлог како гласи, дали го повлекува. По мое мислеше, треба да го повлече, меѓутоа, затоа што е остварена и неговата идеа, меѓутоа, не може да го прочита.

Јас предлагам, бидејќи го завршивме општиот претрес, само ан амандманите ќе се вратиме кога ќе го поделат амандманот, а сега да одиме на наредната точка.

Дали се согласувате така? (се согласуваат)

Преминуваме на **<u>11-тата точка</u>** <u>- Предлог на закон за изменуваше и дополнување на Законот за надворешно трговско работење.</u>

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 7 9 за додаваше на нов став 4 по ставот 3 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

XVI/9.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

40 пратеници гласаа за

Дали има некој против?

6 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

4 пратеници се воздржуваат од гласање.

Вкупното гласање укажува дека треба да утврдиме точен број на присутни пратеници. Вкупно гласале 50 пратеници, а тоа не е добро

Ве молам , да се утврди точниот број на присутни пратеници Во салата се присутни 56 пратеници.

Сите пратеници молам да останат на своите места, а координаторите на пратеничките групи да ги приберат пратениците во салата за да може да се гласа.

Констатирам дека нема кворум и вечерва не можеме да продолжиме да работиме.

Ги молам координаторите на пратеничките групи да ги известат сите пратеници, да обезбедиме кворум и утре во 10 часот да ја продолжиме седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Молам, кој бара збор? (Никој)

(Седницата прекина со работа во 19,30 часот)